**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јуни 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 47-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Али Ахмети, Фазли Велију, Агрон Буџаку, Лилјана Поповска, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Владо Бучковски, Илинка Митрева, Хади Незири, Радмила Шекеринска, Јагнула Куноска, Јован Манасиевски, Лазар Китановски и Тито Петковски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 5 - Предлог за донесување на закон за заштита на правата на пациентите**

Продолжуваме со претрес.

Има збор Марија Андоновска, колешке кажете ми сакате збор или реплика.

**Марија Андоновска:** Јас се јавив за реплика вчера немав доволо време.

Прво би сакала да реплицирам, а подоцна си го задржувам правото за дискусија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Така постапете. Повелете реплика од три минути.

**Марија Андоновска:** Јас искрено жалам што почитуваната колешка Роза Топузова Каревска вчера не ми остави доволно простор за реплика па морам да реплицирам денес. Но како што гледам денеска не е присутна, но сигурна сум дека е тука некаде и дека ме слуша и ќе и го задржам правото да реплицирам.

Значи, во повеќе деловни од дискусијата на почитуваната колешка не се согласувам имам забелешки, сметам дека се невистини. Ќе се обидам колку имам време да го искористам. Почитуваната колешка спомна разнебитување на клиничкиот центар.

Разнебитување на клиничкиот центар можеби се случуваше во времето на претходната Влада. Ние сега се обидуваме да направиме реорганизација на клиничкиот центар се со цел зајакнување на менаџерските капацитети овозможување на поедноставно воведување и исплаќање на здраствените услуги по системот дијагноза поврзани групи, овозможување на директорите да се ориентираат по квалитетот на здраствените услуги, пособдветно раководење со материјално-финансиската компонента на клиниките, да се постигне нивото на задоволство на пациентите од укажаните здраствени услуги, овозможување на соодветните финансиски механизми за наградување на здраствените работници, да се зголемат инвестиционите вложувања. Почитуваната колешка Топузовска си дозволи да спомне дека има или нема хирушки конци во некои од болниците. Јас би ја посоветувала тоа прашање најдобро е да го постави на една нејзина многу блиска особа која со сигурност ја познава и да го праша поранешниот заменик директор на болницата во Прилеп кој што во 2004-та година набави конци за 10 милиони денари кои што беа доволни да се задоволат потребите за 10 години и истите тие конци не беа за употреба, беа фрлани или давани на ветеринарите. Таму до го постави прашањето зошто нема конци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Кире Гештаковски, повелете.

( Ова беше реплика )

Се извинувам има збор госпоѓа Марија Андоновска.

После зборот вие евентуално можете да имате и реплика.

**Марија Андоновска:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министер за здравство, почитувани колеги пратеници.

На самиот почеток на мојата кратка дискусија сакам да го поздравам предлогот за донесување на еден ваков закон со кој уредно се дефинираат правата и обврските на пациентите.

Сметам дека долго време постоеше потреба, а и самите граѓани долго време чекаа на еден ваков закон. Непотполните и недефинирани права и обврски на пациентите уредени досега во прописите на граѓанството, себичното и посебното законодавство во здравството предизвикува големи забуни и незадоволство кај граѓаните кои немаа јасна престава за нивните права и обврски како пациенти. И затоа сметам дека постои потреба на донесување на еден единствен закон со кој сето ова би се регулирало и реализирало. Од друга страна со еден ваков закон Република Македонија ќе ги реализира обврските од повеќе потпишани меѓународни документи и ратификации. Ќе се усогласи со меѓународните стандарди како што се стандардите на светската здравствена организација, Советот на Европа и Европската унија. Посебни закони за заштита на правата на пациентите има во повеќе земји во Европа како и членки на Европската унија. Јас ќе споменам само неколку од нив, Холандија, Франција, Норвешка, Финска, Данска, Швајцарија, Русија, Латвија, Литванија, Белгија, Грција, Словенија, Хрватска и други. Додека во Германија, во Обединетото кралство, Шпанија, Португалија, Австрија, Ирска, Полска и други постојат посебни повелби со кои се уредуваат овие права на пациентите. Искрено не гледам причина кога сите овие земји успешно ги имаат регулирано правата и обврските на пациентите со посебни закони, а истот претставува усогласување со меѓународните

стандарди, зошто Република Македонија не би донела еден ваков закон. Цврсто сум убедена дека правото на информирност на пациентите, заштитеност на пациентите врз кои се врши научно истражување или медицинска настава, правото на грижа, лекување, рехабилитација, сигурност, почитување на личноста, приватноста и достоинството, правото на второ стручно мислење, правото на учество на пациентите во одлучувањето, обврските на здравствените установи и медицинскиот персонал за обезбедување на услови за соодветно лекување, нивната реализација и зголемување на одговорноста, забраната на секој облик на мачење, нечовечко понижувачко однесување и казнување на пациентите, дискриминација како и цензурата, правото на поплаки на пациентите до соодветни институции утврдени за таа намена, надзорот за стручноста на медицинскиот тим, контролата на укажаната здравствена услуга, како и надзорот дали се задоволени сите права и обврски на пациентот, уште еднаш ќе повторам, цврсто сум убедена дека се неопходни и се од исклучителен интерес на граѓаните од кои верувам дека со задоволство ќе бидат поздравени и прифатени. Поради сите овие причини што ги набројав и пред се за побрзо и подобро остварување на сите права на пациентите со цел на нема повеќе обесправени пациенти јас ќе го подржам овој Предлог-закон. Би благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Ви благодарам.

Почитувани пратенци,

Го поздравувам овој Предлог-закон, но имам неколку свои забелешки кои мислам дека се значајни и треба тие истите да се инкорпорираат, затоа што со определбата на Република Македонија за членство во Европската унија и потпишувањето на пактот или пак Договорот за стабилизација и асоцијација имаме обврска да ја усогласиме политиката во однос на правото и практиката на Република Македонија со таа на Европската унија. бидејќи ние се определивме за Евроатлански интеграции. Имајќи во предвид дека во областа на здравството сме далеку од оние стандарди на Европската унија, значи далеку сме од тие стандарди добро е да се остварат да се реализираат вистински рационални реформи кои би биле ефективни, а не декоративни реформи заради маркетинг или рејтинг. Бидејќи целта и содржината на овој Предлог-закон е провиден затоа што во ниту еден момент внесува вистинска заштита на правата на пациентите, туку напротив го компромитира преку убавите зборови, површински кои Владата, оваа Влада се рекламира како реформска Влада, а во суштина нема ништо есенциално освен што донесова зголемување на трошоците на пациентите. Затоа мислам дека е на место претходно да се напрвата значајни реформи и вистински на начин да се овозможи во пракса и остварување на овој Предлог-закон за кој мислам дека треба да се донесе. Но, треба да се направи негово дополнување во втората ваза преку амандмани и исто така со донесување на законот на здравствени работници, за доктори, за медицински лица итн.

За да се отворат и да се дадат шанси да стане реалност и да се оствари во пракса овој закон. Ваков каков што е овој Предлог-закон констатирам дека нема определба за обезбедување на лекови, на услови за медицински средства кои што се одновни. За функционирање на овој Предлог-закон за правата на пациентите и обврските на здравствените институци како и на здравствените работници, треба без друго да се определи освен обврските и правата на здраствените работници, заштита на здраствената работа, значи заштита и на работата во здравствени простори каде што треба да функционира овој закон. Бидејќи, инаку овој Предлог-закон е повеќе административен и бирократски за правата на пациентот што во ралност не нуди приоритетни понуди или пак потреби за пациентите. Пациентите за една адекватна здравствена заштита да имаат она што го платиле и да го искористат и да го користат. Во овој Предлог-закон воопшто не се подобрува состојбата во здравството. За медицински интервенции предложени не се дава можност на медицинско лице да се заштити, значи преку член 7 во точка 4, како што е на пример пациентот може да избере третман или интервенција не се нагласува или не се потенцира како ќе се заштити медицинското лице доколку евентуално се искомплицира третманот или пак интервенцијата кај пациентот. Освен тоа, главниот проблем на овој Предлог-закон според мое мислење е дека не може да се пренесат обврските на државата за основните права на граѓаните што е право на здравствена заштита кај здравствените работници да ги заштити и пациентите, но и медицинскиот персонал. Значи почнувајќи од докторите, медицинските сестри и нивните помошници за да се има можнот освен нивна одговорност и заштита на нивниот дигнитет. Значи, Министерството за здравство кое бара раеализација на правата на пациентите без остварување на обврските во понудата на есенцијални услови за реализација на работата во здравството добро според член 7 пациентот да се информира за неговите права. Но, јас мислам дека поприоритетно е пациентот да има медициски средства, да има терапија, лекови така што ќе ги има сите основни услови кои што ќе бидат во полза на неговото оздравување или пак лекување. Значи, она што го платил да има можности и да го искористи. Во ваквото здравство што го имаме на пример, можам да го земам примерот во гинекологијата во Чаир, или пак во други институции во општина Чаир каде гинекологијата се уште не е завршена нејзината изградба, не се обезбедени елементарни услови за остварување на здравствена заштита на пациентки, на мајки и деца. Исто така, често пати поради нестимулирање на кадарот, поради

платите какви што се за кои знаете колкави се, и нивното оптоварување со ангажирање и одговорности каде што имаме вработување на несоодветен кадар како здраствени помошници кои нема да бидат во состојба да дадат и основана информација, точна информација за работа на медицинска екипа без никакви проблеми, медицинска сестра оптоварена со навистина голем број часови на работа, не е во состојба да се оствари соодветна здравствена заштита. Секогаш пациентите кога одат таму во најголем број на случаи не можат да најдат лекари затоа што многу полесно нив може да ги најдеш во некоја болница или во некоја приватна ординација. За нивно обезбедување на работно место позначајно е да превземе соодветни мерки ова Министерство. За да се стимулира и работата, а не медицинската сестра да биде преоптоварена и да нема никакви можности да ја следи здравствената состојба на пациентките за да не може да направи и понуди соодветна услуга поради условите и материјалите кои што не постојат и во овој Предлог-закон ќе се компромитираат овие контакти меѓу пациентите и медицинските сестри на пример, кои што имаат прв контакт со пациентите кои нормално ќе ги бараат овие права што е и потребно да ги има тие права. Јас не сум против правата на пациентите зошто сите ние можеме да бидеме во секој момент пациент и можеме да претпоставиме како можеме да се снајдеме или како ќе се почуствуваме. Но, претходно јас мислам треба да се понудат основни услови за остварување на ова затоа што на Предлог-законот само ќе се потпали огнот или поделбата меѓу пациентите и медицинскиот персонал затоа што тие ќе ги бараат своите права кои медицинската сестра или пак лекарот не е во состојба да ги понуди токму поради условите кои што не постојата. Значи треба да се зголеми бројот на кадарот во здравствените институции да се стимулираат истите, да се понудат услови материјлани медицински средства и посебно лекови за да се овозможи и остварување на овој Предлог - закон на начин да не се компромирираат пациенти, но и медицинскиот персонал. Исто така со дополнување на овој Предлог-закон преку амандмани верувам во втората фаза ќе бидат овозможени и донесувањето на законот за заштита на медицинскиот персонал јас мислам дека ќе има многу повеќе успех за да се имплементира и да се оствари овој Предлог-закон.

Бидејќи доколку би биле овие услови, мислам за пациентот е позначајно тој да се лекува и да остане жив, а не само да ги има правата. Ќе имаме пример на некој пациент кој што ќе има лоши намери така што ќе се компромитираат, пред се медицинскиот персонал дека овој закон им го нуди на пациентите, а медицинскот персонал истото не му го овозможува како заштита, иако без нивна вина може да се случи неостварувањето на правата на пациентите.

Освен ова сакам да кажам дека со овој предлог закон, кој што е повеќе админситративен и бирократски, секако потребно ни е што побрзо да донесеме и закон за здравствените работници, но петходно Министерството за здравство треба да земе одговорност и да понуди други измени во основните, социјалните реформи, со цел за подобрување на здравството во нашата земја. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има Ќенан Хасипи, повелете.

**Ќенан Хасипи:** Благодарам господине претседателе, почитувани колеги, почитуван заменик министер,

На самиот почеток на расправата по оваа проблематика во Собранието на Република Македонија, во неформален разговор со еден мој многу ценет колега пратеник добив забелешка дека законот се однесува на заштита на правата на пациентите и дека е изненаден од фактот што најголемиот број пријавени за дискусија се пратеници лекари.

Искажувајќи го моето мислење по оваа проблематика, јас ќе се обидам да го уверам ценетиот колега дека не е можно да се донесе квалитетен закон за заштита на правата на пациентите, доколку не се чуе мислењето на давателите на здравствените услуги т.е. докторите и останатиот медицински и персонал од едноставна причина што во процесот на пореметувањето на човековото здравје и неговиот третман постојат две страни. Корисници на здравствени услуги, т.е. пациентите и даватели на здравствени услуги т.е. докторите и останатиот медицински персонал. Тоа функционира по системот на сврзани садови и едни без други не можат.

Би сакал да самиот почеток да го изразам моето задоволство што после бројните почетни перипетии, заменик министерот задравство кој дефинитивно го уочи значењето на ова прашање и изрази спремност законот да се разгледа по нормална процедура, т.е. во две фази. Иако, лично сметам дека законот е предложен со најдобри намери, сепак скепсата произлегува од фактот што паралелно со овој закон Владата не го подготвила Предлог законот за докторите, што е логично и со што дефинитивно правно би се заокружила оваа проблематика. Не случајно е онаа народната дека и патот кон пеколот може да биде поплочен со најдобри намери. Уште по трагично би било, доколку критичнит осврт на некои од колегите доктори по професија по ова прашање би се сфатило како обид да се спречи донесувањето на овој закон, кое што по мене не е само обврска на давателите на здравствените услуги, туку и на општеството во целина. Ова дотолку повеќе што грижата за болните од страна на медицинскиот персонал е веќе востановена пракса во Република Македонија, базирана врз принципите на хуманоста, солидарноста и пред се на лекарската етика, иако истата не беше санкционирана со посебен закон, повелба или

прописи, освен граѓанското законодавство и кривичниот законик по прашањата на повредите на човековите права во областа на здравството. Со други зборови апсолутно е неточна констатацијата дека и до сега не се водела грижа за правата на пациентите и дека со воспоставувањето на правната рамка по оваа проблематика, дефинитивно ќе се решат проблемите на пациентите. Доколку ваквата констатација би била точна, тогаш се поставува прашањето како воопшто се заштитени правата на пациентите во една Франција, Велика Британија, Германија, Австрија, Полска, Словачка, Шпанија и други земји кои немаат закон за заштита на правата на пациентите, туку тн., повелби за правата на пациентите. Општо е познато какви стандарди на заштита на правата на корисниците на здравствените услуги постојат во тие земји. Тоа, со други зборови, значи дека ниту во земјите членки на ЕУ нема унифициран пристап по ова прашање, независно што со бројните меѓународни договори и конвенции се утврдени базичните принципи во заштитата на правата на пациентите.

Што се однесува до Република Македонија евидентно е дека правата на пациентите, како и потребните услови и начини на нивната реализација беше предмет на одреени законски одредби и дека вака дисперзираното законодавство не овозможуваше прецизно утврдување, не само на тие права, туку и обврските на здравствените установи во обезбедувањето на услови за реализација на тие права. И, се разбира, ситуацијата ќе беше апсолутно чиста, доколку не постоеше и другата страна на медалот, а тоа се докторите и останатите здравствени работници даватели на здравствените услуги. Кои се нивните права, како да се заштитат, со кои механизми, како да се постигне потребниот баланс во заштитата на правата како на правата на корисниците, така и на правата на давателите на здравствените услуги. Ова особено добива на тежина во услови на ниска материјална база на здравството, во услови на негова длабока криза, реформи кои предизвикаа тектонски пореметувања во здравствената сфера. На површина испливаа сите дубиози во здравството, што резултира со невидена хајка против здравствените работници, од кои одговорно тврдам најголемиот дел чесно и поштено го заработуваат својот леб. И, затоа, наместо заменик министерот да се сомнева во добрите намери на медиумите, нека се заложи да се прекине хајката против здравствените работници и да им се врати достоинството како во сиот нормален свет.

Реформите во здравството се тешки и болни, кој ќе ги спроведе, ако не здравствените работници, почитуван министре. Популистичкиот пристап и покрај привремените ефекти би бил погубен, бидејќи илузорно е да се очекува пациентите да ги реализираат своите права во услови кога ни самите не знаат каде треба да се прегледаат. Колку тоа ќе ги кошта кога најголемоит дел од здравствените установи се во јавна состојба, без постелина, без елементарни и хигиенски услови, кога буквално се се купува од инфузии, па до хируршки конци. Затоа ваквите критички тонови, сфатете ги добронамерно, затоа што граѓаните, почитувани колеги, не ги лекува законот од 66 члена, туку луѓето во бели мантили, меѓу кои сигурно има и такви кои се огрешиле кон законот и постапиле вон принципите на лекарската етика, но најголемот дел од нив чесно го заработуваат својот леб. И, тоа не поради примањата кои се под далеку човечкото достоинство, туку само поради хуманоста на професиојата што ја обавуваат. Не верувам дека постои здравствен работник кој не би посакувал правата на пациентите да бидат прецизно нормирани. Но, исто толку треба да бидат нормирани и правата на здравствените работници, за што едно без друго е непрменливо, мртво слово на хартија.

Законот за заштита на правата на пациентите, да, но не и јавање на грбот на популизмот и трошење на парите на граѓаните во наводната нивна едукација за нивните права преку спотови, билборди, флаери. Чии 100 илјади евра трошите и кој ви го дал тоа право. Па, зарем мислите дека пациентите не знаат кои се нивните права. Она што нив во овој момент најмногу ги интересира, господа, колку тоа ќе го чини, колку која здравствена услуга кошта, зошто да купува инфузии, таблети, амбуларна терапија, хируршки конци, па ако сакате и стентови, кога веќе од личниот доход издвојува за здравственото осигурување. Ете, тоа го интересира пациентот, а не дали има право да гледа телевизија или да изврши увид во своето досие. Затоа, наместо флаери, да купуваме конци за да не се одлагаат операциите, наместо спотови да обезбедиме лекови од позитивната листа за хроничните болни, наместо билборди да инвестираме во медицински инструменти, оти постојните се со музејска вредност. Наместо наводната едукација за нивните права, да го вратиме достоинството на здравствените работници, зошто никогаш не биле попонижени од денес. Да престанеме со монтирани подмитувања на лекари од углед и да обезбедиме услови за нормално работење како сиот напреднат свет. Да ги платиме барем онолку, за да можат и нам и вам да ни речат дека нема конци, ако е потребно операција, како што тоа го велат на обичните граѓани. Сите знаеме каде е лекарската и фармацеутската мафија. Затоа, да не гаѓаме во погрешни мети, да не правиме забава од маката на болните и да не ги излагаме на подсмев лекарите и останатиот медицински персонал, да ги ловиме правите криминалци, господа.

Почитувани пратеници, заштитата на правата на пациентите е тесно поврзана со реформите во здравствениот систем. Без реформирано здравство, без подигнување на материјалната база во здравството, нивото и квалитетот на здравствените услуги, тешко може да стане збор за објективно вреднување и заштита на правата на пациентите. Тие денес ја плаќаат најголемата

цена на тн. реформи во здравствениот сектор. Законодавецот со законот за заштита на првата на пациентите се обидува да нормира она што вообижаено се практикувало на овие простори, но не било санкционирано со закон. Сето тоа е добро, номора сериозно да се земат предвид забелешките искажани од оваа говорница од страна на пратениците, пред се доктори, како еден Кире Гештаковски, Азис Положани, Весна Јаневска, пратеничката Весна Каревска Топузовска, чии забелешки не би сакал да ги повторувам, но кои длабоко сум уверен се во насока на обезбедување на ефикасна заштита на првата на пациентите, но и заштита на достоинството на здравствените работници. Бидејќи, законот регулира една проблематика, која длабоко задира во нешто што е најскапоцено, а тоа е здравјето на човекот, истиот треба да се заснива на принципите на хуманоста, недискриминацијата, почитувањето на физичкиот и психичкиот интегритет на личноста, на еднаквата достапност на здравствените услуги на нивните корисници согласно принципите на лекарската етика и тајноста на добиените податоци, но пред се, и над се со целосна почит на достоинството на здравствените работници како даватели на здравствените услуги. Секој обид на еднострано регулирање на правата и обврските може да го продлабочи јазот помеѓу пациентите и здравствените работници како даватели на здравствените услуги. Ова дотолку повеќе што законот, освен правата на пациентите во одредена мера ги регулира правата и обврските на здравствените работници и соработници, здравствените установи и Фондот за здравствено осигурување на начин кој ќе обезбеди ефикасна заштита на правата на пациентите. Во тој контекст законот опфаќа широка лепеза на прашања од интерес на пациентите, почнувајќи од прашањето на правото на информираност на пациентите во сите фази на здравствена заштита. Правото на прифаќање или одбивање на одредена медицинска интервенција, заштитата на пациентот доколку е предмет на научно истражување, правото да биде информиран за медицинското досие што се води за него, правото на доверливост, приватност, па се до надомест на штета при евентуална оштетеност или несовесно лекување. Освен тоа, законот  таксативно ги утврдува правата и обврските на здравствените установи и здравствените работници и соработници и утврдува механизми и начини на остварување на правата на пациентите.

Би сакал да истакнам дека овој дел на законот сосема коректно и правно го регулира она што и денес се практикува од страна на здравствените установи како по обем, така и по содржина. Во делот на утврдување на механизмите за заштита на правата на пациентите, законот предвидува формирање на постојана комисија зза заштита и промоција на правата на пациентите во соглсност со прописите од областа на локална самоуправа, која брои пет члена, но не е прецизно регулиран составот на Комисијата т.е. колку претставници на пациентите на невладините организации или стручни лица ќе членуваат во неа и по кои критериуми ќе бидат бирани. Од друга страна можеби би било вредно да се размисли член на Комисијата да биде советник за заштита на правата на пациентите од дотичната здравствена установа, кој согласно правата и обврските утврдени со овој закон, најревносно би ги штител интересите на пациентите. Сод руги зборови, со прецизирањето на составот и начинот на изборот на членовите на комисијата ќе се посгитне унифициран избор за зите општини, со што би се избегнал различниот  начин на избор од општина во општина. Исто така, во законот не е прецизиран бројот, составот и начинот на избор на државната комисија за заштита и превенција на правата на пациентите, еден исклучително важен орган со широка лепеза на надлежности. Ова дотолку повеќе што во услови на реформирање на здравствениот сектор пратено со тешки обвинувања за корутивни однесувања во здравството и бројни поплаки адресирани на сметка на здравствените работници, улогата на оваа државна комисија, особено добива на тежина. Токму од овие причини, бројот, составот и начинот на избор на членовите на оваа Комисија мора да биде предмет на овој закон, а не да се регулира со подзаконски акти на начин утврден од страна на министерот за здравство.

Законот, освен тоа, предвидува и надзор врз примената на овој закон, што е утврдено со членовите 57, 58, 59 и 60 и таа улога му е доделена на Државниот санитарен и здравствен инспекторат. Сосема е друго прашањето дали овој инспекторат има капацитет на задоволителен начин да ја изврши оваа законска обврска.

Она што особено го привлече моето внимание и морам да признам дека непријатно ме изненади, тоа е поглавјето 6 од законот кое се однесува на прекршочните одредби. Предвидените казни, почитувани, не само што се далеку над објективните можности на здравствените установи и здравствените работници, туку и цела серија банални причини, поради кои може да биде казнета установата или здравствениот работник. Мислам дека ова ќе го продлабочи јазот на релацијата пациенти - здравствени работници, бидејќи од моето долгогодишно искуство ви тврдам дека постои категорија на пациенти, кои за остварување на одредено право се во состојба да исценираат конфликтни ситуации, се со цел да извлечат одреден бенефит. Освен тоа материјалната основа на македонското здравство е толку ниска што во одредени моменти не може да ги задоволи ни најелементарните потреби на пациентите, поради што и ваквите одредби од законот останале мртво слово на хартија. Како на пример, би ги протолкувале следните одредби од казненото поглавје. Цитирам: “глоба од 2000 до 3000 евра ќе се изрече за прекршок на правното лице ако не го информира пациентот во сите фази на здравствена заштита во согласност со член 7 од овој закон или не обезбеди соодветна форма на превод во случаите од член 8 ставот . . .

од овој закон", што е тоа соодветна форма, дали на сите можни јазици во светот. Бидејќи, пациент може да биде и странец, не му овозможи на пациентот да следи радио и тв програми во рамките наможностите во здравствената установа. Исто така, не му овозможи да ги изврши верските обреди итн. Значи, се работи за една цела серија на одредби за кои што се плашам дека во неговата практична примена ќе доведе до конфликтни ситуации, што уште повеќе ќе го продлабочи јазот помеѓу пациентите и докторите и останатиот медицински персонал како даватели на здравствените услуги.

Јас се обидов, се разбира, во еден разумен временски интервал да нотирам некои од работите, иако по оваа проблематика може долго и нашироко да се зборува. Меѓутоа, законот е на дневен ред и веројатно во една со закон утврдена процедура ќе биде донесен. Грешката може да се исправи доколку се одложи примената на овој закон се до оној момент кога ќе се нормираат и правата и обврските на докторите и останатите здравствени работници, за да можат двете страни да делуваат комплементарно и на минимум да ги сведеме несаканите последици од неговата примена. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Гоце Маркоски, повелете.

**Гоце Маркоски:** Благодарам претседтеле.

Почитуван претседтеле, почитуван заменик министре, почитувани колеги пратеници,

Во однос на точката на дневниот ред Предлог на закон за заштита на правата на пациентите би сакал да дадам поддршка со еден свој мал придонес.

Почитувани,

Сите луѓе се раѓаат слободни и еднакви, обдарени со разум и свест, со почит и достоинство, како темелно обележје кон остварување на човековите права. Големиот напредок во науката, во областа на медицината отвора можности за цел низ нови медицински постапки за доброто на поединецот и човештвото. Но, во исто време во себе крие општа опасност од последиците на поединечните достигнувања.

Земајќи ги предвид потенцијалните и реални ризици станува јасно дека е потребно во законски рамки да се осигура и заштитат правата на осигурениците при користењето на здравствената заштита.

Декларацијата за заштита на правата на пациентите во Европа ги уредува човековите права и вредности во здравството. Според истата, секој има право да биде третиран како човечко суштество, секој има право на зачувување на физичкиот и менталниот интегритет, заштита на својата приватност, секој има право на почитување на своите морални и културни вредности, верски и филозофски уверувања, како и на највисоката можна заштита, заштита на своето здравје.

Во Република Македонија правото на здравје е уставна категорија за сите граѓани. А, правата на граѓанинот за остварување на здравствена заштита до сега беше регулирано сегментално, дисперзирано со поодделни одредби во повеќе закони.

Како потписници на Конвенцијата за заштита на човековите права и достоинство, во насока на потребата на биологијата и медицината се обврзавме за доуредување на нашето законодавство во смисла на овозможување на примена на одредбите од истата Конвенција.

Законот налага високи морални, етички и граѓански норми. Норми за однесување на корисникот, но и за давателот на здравствените услуги. Покрај веќе утврдените права на граѓанинот во остварување на здравствената заштита, уредени во Законот за здравствена заштита, по прв пат се воведува таканареченото право на второ мислење, т.е. се дефинира контролен механизам за почитување на правата на пациентите, заснивање на посебни проверки на национално и на регионално ниво.

Користењето на правата на секој поединец, подигнувањето на совесноста на правата на пациентите на национално ниво е единствен начин да се осигураат одредбите од овој закон и да заживеат реално.

Македонија, како европска земја, треба да настојува што повеќе да се приближи до европските системи за здравствена заштита, а тоа се стандарди во јавно здравство и безбедност. Во Европската унија постои Европски суд за правата во Луксембург. Пропишано е дека сите граѓани во Унијата имаат право на она што им е загарантирано во Универзалната декларација за човекови права.

Меѓутоа, согледувајќи ги можните замки на некои неодговорни пациенти, како и внимателноста т.е. грижата на здравствените работници, лекарите, овој закон налага да се примени паралелно со законот за лекари.

На крај, би сакал да кажам, од квалитетното спроведување на со закон дадените права ќе се придонесе за подобар квалитет на здравствените услуги, ќе се унапреди партнерскиот однос помеѓу пациентот и лекарот, ќе се придонесе за обострано задоволство и сигурност, ќе воспостави целосна доверба и разбирање. И на крајот, спроведувањето на овие закони ќе биде мерило за демократизацијата на нашето општество. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Колку што гледам, господинот Иван Анастасовски не е присутен.

Господинот Оровчанец Ѓорѓи не е присутен.

Според тоа, збор треба да добие колешката Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, почитуван заменик министер,

Со целосен респект кон законот што се расправа на вчерашната и денешнава седница, Предлог за донесување на закон за заштита на правата на пациентите, јас во овој момент ќе зборувам како корисник на здравствените услуги, како пациент.

Меѓутоа, со респект ќе зборувам по луѓето во белите мантили, кон оние кои ја вршат најхуманата дејност, а тоа се докторите. За нив, за нивната човечка етика, за нивниот морал треба сите да проговориме и да не ги ставаме сите во ист кош. Навистина, некои се огрешиле. Меѓутоа не сите луѓе во бели мантили, затоа немојте со ист аршин да удираме по луѓето во белите мантили. Тоа се луѓе кои навистина спасуваат животи, луѓе кои секојдневно помагаат на народот, на луѓето, на пациентите. Помагаат на сите нас.

Во овој закон, Предлог на закон за заштита на правата на пациентите, јас убаво го разгледав и покрај тоа што по струка не сум тоа што е суштина на законот, не сум лекар. Меѓутоа, од тоа што го прочитав, забележувам дека многу малку се зборува за пациентите, за корисниците на здравствената услуга.

Не знам, вчера, премногу цитираа членови од законот. Членот 2 го цитираа речиси сите дискутанти.

Се согласувам со дискусиите, од вчерашните и денешните дискутанти. Мислам дека со овој закон се оди на штета на луѓето што, наместо да одиме кон подобрување, се се сведува на штета на пациентот, на корисникот на здравствената услуга.

Членот 3 ставот 2 точката 2, да не го цитирам од законот обвој член, овој став, оваа точка. Мислам дека овој член е контрадикторен од она што го укажувате. Ќе бидам искрена, реално, во здравството владее анархија. Каква заштита и какво право на пациентите?

Во членот 5, подобрување на заштита на пациентите, не гледам ништо ново и значајно. Ништо не е сторено во здравството во Република Македонија. Тоа што беше си останува и понатаму.

Ме изненадува членот 8, казнени одредби по докторите. Казна како казна, прво терминот не одговара. Зарем ние само ќе одиме на казни на луѓето. Оној кој заслужил нека биде казнет, оној кој се огрешил. Меѓутоа, мислам дека луѓето во белите мантили не треба да бидат казнувани, затоа што тие, прво треба да се запрашаме колку пари земаат докторите? Колку е висината на нивниот месечен износ? Колкави се нивните плати? Ако за 300 евра, доктор, специјалист работи и уште згора на тоа каква казна? Овде се предвидува казна за докторите ако ние се служиме само со вакви казни, казни за доктори, казни за ученици и родители кои нема да се запишат во средно училиште, на што ќе се сведеме во оваа држава? Само со казни? А, луѓето немаат со што да преживеат. Дајте да зборуваме за реалноста. Да се свртиме кон она што е пред нас, реалната моменталната состојба во Република Македонија.

Мене ми паѓа во очи, многу ми е впечатливо ова што е дадено за просториите за верски активности. Простории што треба да се отворат во секоја здравствена установа. Јас верувам дека секој од нас има почит кон Бога и таа почит кон Бога, многу кажаа и точно е тоа дека сите ја носиме во себе. Меѓутоа, такви простории за верски активности во болниците, уште малку и во училиштата ќе почнеме да поставуваме, нема потреба. Подобро е да се свртиме да обезбедиме да имаат доволно лекови и друг материјал што е потребен во болниците, во аптеките, отколку да градиме вакви простории.

Комисии се предвидуваат за се и сешто. Еве, сега ќе му кажам на заменик министерот, можеби не знае дека во градот од кој доаѓам, Крива Паланка, општина Ранковце, Здравствениот дом нема ниту возило за прва помош. Како ќе дојде пациент од Герман, оддалечен 40 км. од Крива Паланка, Како ќе дојде од Луке, од Подржикоњ, Трново и другите села, да не ви ги редам, кога немаме брза помош, луѓето се без динар пара, без превоз. Додека да стигне, тој ќе почине на пат. Тие треба на коњи и магариња да стигнат додека да дојде до здравствениот дом. А, згора на тоа тоа се повеќе стечајни работници, луѓе без динар пара во џеб. А треба да си купат и лекови, ако ги има во аптеките. Ова не е случај само во Крива Паланка. Ова е случај и во многу градови во Источна Македонија, а верувам и во Западна Македонија.

Затоа, сметам дека овие луѓе, луѓето во бели мантили, дајте прво да ги наградиме со лични доходи, да ги наградиме со она што го заслужуваат тие. Тогаш тие и сега со оваа плата, со чист образ и добар збор, убав збор, тие приоѓаат кон пациентите. А убавиот збор и железни врати по некогаш отвара. И не по некогаш, туку секогаш.

Мислам дека доста несериозен однос има Владата, Министерството и Фондот за здравство кон реформите што претставуваат најчувствителен сектор во државатал. СДСМ во неколку наврати укажува на погрешните одлуки, решенија и чекори во здравствените реформи. Само за потсетување, ВМРО-ДПМНЕ, во својата Портокалова преродба во 100 чекори ветуваше подобар, сигурен, ефикасен и праведен здравствен систем што ќе ги оствари потребите на граѓаните.

Ветуваше унапредување на улогата на примарното здравство и промовирање на приватна и примарна здравствена заштита, ориентирана кон заедницата.

Ветуваше двајца директори во сите јавни здравствени установи, кои ќе имаат врзан потпис за да се спреат евентуалните злоупотреби на јавните ресурси. Тоа е точно.

Ветуваше реалн и објективен мониторинг на работата на сите менаџери во здравствените установи и тоа по следниот принцип: евалуација

на работата во првите шест месеци од стапување на функцијата и реално согледување на резултатите.

Доколку резултатите не задоволуваат, дополнителен период од шест месеци за подобрување на работа. Смена на менаџерите поради лош финансиски биланс, злоупотреба и отсуство на резултати.

Денеска се прашуваме што имаме денеска од сето ова. Еве што имаме почитуван заменик министре.

Се спроведуваат рестриктивни реформи без анализа, без прифаливи аргументи, се укинува дури и правото на рефундација, што сериозно ги загрозува здравствените услуги на граѓаните. Нема доволно лекови во апотеките од позитивната листа. Цитостатици има само во првите 15 дена од месецот. А, на клиниките ги нема ниту најефтините лекови. Граѓаните сеуште сами си ги купуваат лековите и другите потрошни медицински материјали.

Една од клучните придобивки во здравството, најголема придобивка за лекување на болните е донесување на единствени протоколи за работа, базирани врз докази. Ниту се афирмира, ниту се спроведува. Не се спроведува Акциониот план. Не се спроведува внатрешната ревизија во Фондот за здравство. Дури, Одделот за подготвување на цена на лековите во Фондот не работи. Договорот помеѓу Фондот и концесионерите во примарната здравствена заштита не се склучуваат. Илјадници врботени во примарната здравствена заштита сеуште немаат добиено плата ниту аванс. Ништо не оди како што треба. Тоа е реалноста.

Менаџерството во здравството потроши половина милион евра во наши пари за обука на здравствени менаџери. Се потроши половина милион евра народни пари и наместо подобрување на квалитетот на јавните здравствени услуги, сведоци сме на беспоштедна внатрепартиска пресметка што резултираше со смена на директори. И, тоа не смена на директори заради отсуство на резултати, туку исклучиво заради партиска непослушност.

Апсурдот да биде поголем, имаме јавнопризнание од директорот на Клиничкиот центар. Според изјавите на видни партиски функционери на ВМРО-ДПМНЕ за последната смена на директорот на Клиниката за торокална хирургија стојат партиски советници на Никола Груевски, Жан Митрев и Сашко Кедев.

Се прашуваме, чии интереси штити Никола Груевски и ВМРО-ДПМНЕ, почитувани пратеници, почитуван заменик министер за здравство. СДСМ протежира здравствен систем базиран исклучиво на концепт за солидно и социјално здравство. На Република Македонија и на нашите граѓани не и е потребно целосно приватизирано и партизирано јавно здравство базирано исклучиво на личниот интерес на врхушката на ВМРО-ДПМНЕ .

Оваа Влада и ова Министерство за здравство мора да разбере дека граѓаните на Република Македонија имаат право на достапност на здравствена заштита. Впрочем, тоа е уставно загарантирана категорија. За жал, ова нивно право е сериозно загрозено со последните избрани одлуки и решенија на оваа Влада.

СДСМ е одговорна опозиција и затоа денес повторно предупредуваме за последиците од ваквиот однос кон здравството. За само неколку месеци со одлуки и решенија донесени само заради задоволување на лични интереси ќе настане тотален хаос на Клиничкиот центар.

Затоа бараме од Никола Груевски да престане да се обидува со имотот на најпрезентативната здравствена организација во Република Македонија - Клиничкиот центар да ги задоволува исклучиво апетитите за приватно партнерство на своите советници Жан Митрев и Сашко Кедев.

Во името на граѓаните, во името на пациентите, во името на здравствените работници уште еднаш ја повикувам Владата да ги преиспита своите решенија и конечно да почне да носи одлуки во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Здравството тоне во проблеми и секојдневно се создаваат нови. Имајќи во предвид се што се случува во здравството, наместо да се занимаваме со популизам, господинот Груевски да донесува повторно измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита, одговорете им на здравствените работници на кои не им е регулиран статусот.

Зошто го пробивте рокот на приватизација? Зошто Фондот за здравствена заштита распиша тендер во пет до дванаесет, свесен дека не може да го запази законскиот рок. Која е гаранцијата дека на сите матични доктори од примарното здравство до сега финансирано од државата ќе потпишат договори за финансирање и ќе продолжат со нивната дејност. Во ваквиот вакум кој ќе ја финансира дејноста на матичните доктори и какви услуги ќе добиваат македонските граѓани.

Како ќе го решавате господине заменик министер, ако го завршивте разговорот, со вишокот на средномедицинскиот кадар-медицински сестри во овие здравствени установи каде има превработеност, а која во изминатите неколку месеци расте со вработување на партиски кадри со договори за дело.

Бараме, прво, веднаш да го продолжите рокот за потпишување на договорите со матичните доктори од примарната дејност кои се дел од јавните здравствени установи.

На крајот, да ја вклучите, како секаде во светот, Лекарската комора како најповикана да ги штити интересите на здравствените работници, на тие луѓе облечени во бели мантили од кои бараме спас и бараме подобрување на животот, спасување на животи во оваа мала земја.

Во процесот на изготвување и потпишување на договорите со матичните доктори јавноста има право да бара одговори, но и одговорност за добивање на услугите кои на сите нас ни се

основни и најпотребни, а за кои редовно плаќаме големи делови од нашите примања.

Господинот премиер Груевски нека престане да се однесува несериозно со здравјето на граѓаните и почнете одговорно да се справувате со предизвиците на вашето владеење. Еднаш за секогаш треба да сватиме дека во здравството, во културата, не треба да има партиски владеења. Во здравството каде е најкревка и чувствителна категорија, таква е и културата, такво е образованието, тука треба да дојде до израз само квалитетот и услугата на прв план.

Секоја почит кон Предлог законот што го предлагате за заштита на правата на пациентите, меѓутоа со големи корекции кон она што денеска се прави, а ние сме очевидци на се она што се прави. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господинот Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Сметам дека како пратеник со мојата дискусија ќе можам да го дадам својот скромен придонес во евентуално подобрување на текстот и имплементација на овој Предлог закон.

Самиот наслов на законот едноставно упатува на јасноста од идеата за донесвуање на Предлог законот за заштита на пациентите од страна на предлагачот.

Потребата од донесување на еден ваков закон доаѓа во право време поради хаосот кој владее токму во сферата на реалциите пациент-лекар. И покрај постоењето на прописите за заштита на правата на пациентите од областа на правната регулатива и постоењето на Хипократовата заклетва, време е да се донесе еден вака специјален закон кој ќе се однесува токму на заштита на правата на пациентите. Постојат безброј примери во здравствените установи токму од страна на медицинските лица, здравствените работници се злоупотребувани токму овие права. Не се почитуваат ниту личностите на пациентите, ниту се постапува хумано, согласно законските обврски на лекарите.

Не би сакал да бидам сватен во овој момент што зборувам дека сите здравствените работници во државата ги злоупотребуваат токму овие права на пациентите, меѓутоа, општо познато е дека постојат доста примери наведени во јавноста кои дури завршиле со смртни последици од неажурноста односно несовесното и непрофесионално постапување токму на овие здравствени работници, сметам дека донесувањето на еден ваков закон е оправдан.

Она што се јавив за дискусија и покрај тоа што не е моја ужа професија е односот на здравствените установи токму на граѓаните од Ромската заедница. Постојат низа примери каде не се почитува ниту личноста на овие граѓани ниту има едно достоинствено, хумано постапување токму на граѓаните од Ромската заедница.

Загриженоста на лошата здравствена состојба на граѓаните од Ромската заедница и преранатa смрт искрено да ја споделам со моите колеги во Собранието и оние здравствени работници кои ме слушаат во државата, вистински да ги анализираат состојбите кај Ромската заедница токму во таа прерана смрт.

Би сакал токму со денешниот говор да ве известам дека смртноста кај Ромите е најголема во Република Македонија односно Ромите најмалку ја доживуваат старосната граница во државата. Просечниот живот на еден граѓанин од Ромска заедница, според анализите кои се спроведени од невладини организации, е некаде 45 години максимум до 50 години. Ваквата состојба, мене како пратеник, како припадник на таа заедница, повеќе од сите политички партии од Ромската заедница и невладини субјекти и други посебно не загрижуваат и често се предмет на наши анализи која е основната причина која се случува.

Во интерес на времето не би сакал многу да должам, но би насочил дека ова може да се надмине токму со потреба невработеноста која е тешка основа овие граѓани да се стекнат односно можат да обезбедат, да купат скапи лекови по аптеките, потоа немање здравствено осигурување кое станува ноќна мора токму на оваа заедница.

Токму тука треба посебно внимание од Министерството за здравств односно Владата да посвети посебно внимани за вработување на граѓани од Ромската заедница дали како медицински сестри, знам дека има невработени лекари, по еден пат на позитивна дискриминација ваквите лица треба да се вработат во државата.

Понатаму, сметам дека она што е во Предлог законот треба да се запази начелото на подеднакви професионални здравствени услуги, без дискриминација. И тоа би било добро до колку се учини.

Токму самиот Предлог на закон, праведна и фер постапка за избор, селекција за третман кој во практиката најчесто е злоупотребуван предлагам да се воведе специјална здравствена програма на пациентите од Ромската заедница по пат на бесплатни прегледи, бесплатни лекови и други потребни дејствија за заштита на граѓаните од оваа заедница, особено на оние кои не се во работен однос.

Исто така предлагам во иднина Министерството за здравство да основа посебни мали здравствени установи односно канцеларии со мобилни екипи за специјални домашни посети во населбите каде е сконцентрирано граѓанството од Ромската заедница.

Јас како поранешен адвокат би сакал да укажам на состојбите кои се случуваат особено при евентуални сообраќајни незгоди, посочувам лекари, каде е злоупотребено правото на избор на адвокат при евентуална судска заштита односно однапред одредени лекари каде пациентите се обраќаат за заштита на нивните права, веќе им посочуваат свои адвокати и свои

правци како да извршат определен надомест од што им се ускратува правото на слободен избор на одбрана.

Исто така би сакал, тоа е чест случај кај Ромската заедница, да го наведам примерот на вршење обдукција само заради учење на студенти или било какви потреби од страна на здравствените установи без знаење на роднините на умреното лице. Тие појави во иднина барам и предлагам да се формира еден посебен тим кој на време ќе ги спречува.

Имајќи ги во предвид досегашните примери познати, како штокажав за јавноста, за непрофесионалното односно несовесното работење на одредени лекари- здравствени работници, сметам дека овој закон доаѓа во право време со прецизирање на правата и механизмите за заштита пред надлежните органи на пациентите. За овој закон ќе гласам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Нормално е овој закон да предизвика ваква дебата затоа што сите сме или потенцијални пациенти и не е за чудо што сите пратеници сакаат да дадат свој придонес за подобрување на овој закон.

Но, ме чуди колеги пратеници, зошто колегите пратеници од владеачкото мнозинство во своите дебати искажуваат безрезервна подршка за донесувањето на овој закон како да ние од опозицијата сме против донесување на овој закон. Не, и ние сме за донесување на овој закон, но сакаме овој закон на многу подобар, на многу попрецизен и на поинаков начин да ги регулира овие права кои сите ние ги имаме или ќе ги имаме во иднина.

Дека со донесувањето на овој закон практично ќе немало обесправени пациенти, не е точно, затоа што декларативните одредби и норми нема да ја ускратат можноста од повторно да имаме повредени пациенти со повредени права.

Затоа, наместо да го фалиме проектот, треба сериозно да го разгледаме и да дадеме посериозни забелешки и размислувања околу целта која сакаме да ја постигнеме.

Целта која сака да ја постигне Владата со овој текст на законот, за мене е, извинете, жив популизам. Зошто? Затоа што свесни дека овој закон се однесува на целата популација во Република Македонија, Владата презема уште една популистичка мерка за да придобие се она што значи пациенти, а тоа сме сите ние.

Еве ќе викажам зошто овој закон е популистички.

Прво, ако навистина основната потреба заради која или причина од која произлегува донесувањето на овој закон се бројни меѓународни документи, што е точно, самиот факт што еден од тие меѓународни документи кои суи генерис претставува утврдени права на пациентите од Светската здравствена организација и Регионалната канцеларија на Европа е фактот што оваа Регионална конференција донела Декларација за промоција на правата на пациентите во Европа.

Оваа Декларација која ја имаме овде е потпишана од нашата држава, но сеуште не е ратификувана во ова наше Собрание. Бидејќи не е ратификувана, Министерството или Владата ако навистина сакале сериозно да се позанимаваат со заштита на правата на пациентите, прво требало да го преземат овој чекор, па уредно да си ја ратификуваме оваа Декларација и таа да стане составен дел на правниот поредок кај нас и понатаму да продлжиме со работа.

Дека навистина законот е популистички, зборува и самиот факт што овој закон се однесува само за заштита на правата на пациентите, иако во Република Македонија и секаде во правниот поредок, државите и законодавецот има интенција да има конзистентен правен систем, да има кодифицирано законодавство по одредена област, значи да носи пакет закони.

Со донесување само на закон на заштита на правата на пациентите, без да се донесе закон за правата на медицинскиот персонал, или како ќе се вика, без овие два закони да се усогласат со Законот за здравствена заштита и со Законот за здравственото осигурување што пак за мене како правник по вокација, треба да бидат кодифицирани, можеби во еден закон, значи само израз за уште еден популистички гест на Владата, со донесување само на овој закон кој ќе регулира само еден сегмент од она што значи здравствена заштита, она што значи дел од здравствената заштите и здравственото осигурување, она што значи права на пациентите и она што значи заштита на правата на пациентите.

Понатаму, дека законот набрзина е напишан, се гледа и од самиот факт што ако го разгледате целиот закон и имте основни познавања од пишување на закони или од структура на закони ќе видме дека прво закнот не е систематизиран и второ дека насловот на законот не соодветствува со содржината и материјата која ја регулира овој закон.

Насловот е Предлог на донесување на закон за заштита на правата на пациентите, за понатаму да имаме глава за права и обврски на пациентите, значи не регулира само заштита на првата, туку утврдува права и обврски на пациентите за понатаму третата глава е обврски на здравствените установи и здравствените работници и на крајот, последната глава која е главен мотив за донесувањет на овој закон, е заштита на правата на пациентите. Значи од самата содржина на законот може јасно да се види поврзаноста и потребата од донесување на еден сеопшт закон кој ќе ја регулира цела оваа материја која се однесува на правата на пациентите, правата на здравствените установи, секако и на заштита на правата и на едните и на другите, затоа што од правата произлегуваат обврски и од обврските секако произлегуваат

права, а бидејќи во овој однос се и пациентите и медицинскиот персонал, не можат разделени едно од друго да бидат третирани овие прашања.

Точно е дека оваа декларација за промоција на правата на пациентите се наведени сите оние права кои се утврдени во овој закон, но точно е дека на Конференцијата за сигурност која е одржана во 2005 година во Луксембург покрај другите препораки, бидејќи таму ги разгледуваат правата на пациентите со работењето, или правата и обврските на здравствениот персонал, или здравствените работници, таму препорачуваат, едни од мноштвото препораки е, вели на најдобар начин да се обезбеди да се користат технологиите и да им се обезбедат работни услови на медицинскиот персонал. Зошто ги спомнувам овие две препораки:

Ако немаме користење на најдобри технологии, ние можеме да пропишеме во законот пет страни права на пациентите, но џабе ќе ни се тие права ако мојот матичен доктор што ќе го изберам од технологија има само стетоскоп, ако, кога одам во болница претходно треба да прашам која ми е терапијата, за да можам да ја донесам и да ја примам, ако не ми се обезбедат услови кое ќе ми биде правото да гледам телевизија или да немам чаршав, перница или кревет во здравствена уставова каде што ќе бидам хоспитализирана. Значи, да може само со популистичка мерка, ќе одредиме, ќе утврдиме една голема лепеза на права, декларативно ќе се обврзиме дека гарантираме права, а како ќе создадеме услови и механизми тие права да се остваруваат, за тоа после нека му мислат пациентите. Ние, битно е дека овде ќе донесеме закон за заштита на правата, а кои права ќе ги оствaруваме нека ни е господ на помош.

Пред да почнам конкретно да зборувам за тоа што сакам навистина да придонесам за подобар текст на законот и добро е што Министерството се одлучи да го разгледуваме овој закон само во прва фаза, па да кажам некои работи.

Ни зборуваат тука за право на пристојна смрт. Верувајте пристојна смрт не може да има човек ако нема пристоен живот. Ако немаме пристојни услови за лекување, нема да имаме ни пристојна смрт. Како ќе имаме пристојана смрт, ако секој дена слушаме дека немаме лекови за хронично болните, ако секој ден слушаме дека откажуваат апаратите за дијализа ако секој ден слушаме дека хемофиличарите примаат плазма, или како се вика, онаа што дури не ја примаат ни во земјите со најнизок стандард, ако хемотерапија прмаат луѓето што е со нус појави и е исфрлена надвор од употреба во останатите земји. Зарем само со гарантирање на правото на пристојна смрт, во овој закон ќе им обезбедиме на пациентите пристојан смрт. Треба прво да се потрудиме да им обезбедиме пристоен живот и пристојни услови за лекување, да си ја боледуваат болеста, но со сите механизми и со сите медикаменти кои може да ги пружи напредната технологија и наука.

Сега јас би почнала околу содржината на законот затоа што го разгледуваме во прва фаза.

Овој закон е за заштита на правата на пациентите. јас нема да се впуштам во утврдувањето на листата на правата на пациентите затоа што од она што можев да го консултирам како меѓународни документи и меѓународни стандарди, точно сите тие права, сите овие конвенции и декларации ги гарантираат и ние ако сакаме да бидеме земја која се среми кон евроинтеграција, треба да ги утврдиме тие права. Но, повторно се надоврзува на тоа што претходно го кажав, треба да обезбедиме услови за да ги имаме тие права.

Јас сега ќе се осврнам на системот на заштита на правата на пациентите.

Значи, да повторам, овој закон го донесуваме за заштита на правата на пациентите. тоа се регулира со последната глава 4 и верувајте јас не можев да го видам системот, што овде со законот се промовира, системот на заштита. Овде се формираат разни комисии на локално ниво, на државно ниво, но сите овие комисии имаат советодавна улога.

Првата основана моја дилема која се јавува околу телата за заштита на правата.

Се поставува прашање дали во членот 38 каде е утврдено формирање на постојана комисија за заштита и промоција на правата на пациентите на локално ниво и структурата која подоцна е дадена, дали тоа не е спротивно со прописите од областа на локалната самоуправа, дали оваа комисија ќе биде постојано работно тело, дали оваа комисија, ако е постојано работно тело, структурата треба да биде ваква, имајќи предвид дека, како и во Собранието на Република Македонија, според Деловникот што не можат членови на постојани работни тела да бидат луѓе експерти и од други области, туку исклучиво пратеници, а алналогно на тоа во единиците на локалната самоуправа советници, се поставува прашање дали ваква комисија може да се формира. Според мене не. Доколку може да се формираат, дали ваква треба да биде структурата.

Другата моја дилема што се јавува е со што ќе се занимава оваа комисија, дали со прашањето од примарното здравствена заштита која е во надлежност на локалната самоуправа, или со прашања кои воопшто не се во надлежост на локалната самоуправа, а тоа е секундарната и терциалната здравствена заштита и дали и какви акти ќе донесуваат овие комисии. Ако се само советодавни, тогаш не знам дали ќе ја исполнат целта заради која ги воспоставуваме овие комисии.

Понатаму, се утврдуваат во оваа глава голем број на тела, како што се советник за заштита на правата на пациентите, па имаме на ниво на држава, Државна комисија за заштита и промоција на правата на пациентите, па министерот одлучува за одредени права. Се на се, една нејасна постапка како пациентите ќе ги

остваруваат своите права пред сите овие надлежни органи и тела, ако ги формираме со закон. Ако е само за поплаки и разгледување на поплаката, верувајте пациентот нема ништо да има ќар од работата на овие тела.

Јас би ви предложила, ако сакаме навистина да имаме закон кој ќе гарантира ефикасна заштита, би требало да се воспостават механизми кои ќе решаваат во прва степен односно ќе донесуваат управни акти во кои управни акти ќе се констатира повредата на правото на пациентот, за да може овој управен акт понатаму да послужи во судската постапка за остварување на правото на надомест на штета што е утврдено со членот 27, претходно и другото право на судска заштита. Евентуално како ќе е тоа право, освен надоместок на штета, да му се реструктуира она што е повредено? Некогаш може, некогаш не може. Што ќе биде, освен надоместок на штета? Единствен механизам за мене е надлежноста која ја има Државниот здравствен и санитарен инспекторат, но тоа и до сега го имаше. Ако му наложи и ако ги казни што ќе добијат пациентите ако повторно тоа не го спроведат здравствените служби. Значи треба да се направи еден систем на ефикасна заштита, тоа ќе биде управна постапка што ќе резултира со акт во која органите внатре што се поставени како механизми, ќе ја утврдуваат повредата на правото во прва степен за да може сето тоа да послужи во судските инстанци за полесно пациентот да го докаже своето право.

Има уште многу да се зборува, но верувајте овие работи што ги кажав се во интерес на подобрување на законот. Повторно ви кажувам консултирајте се. Не може да се донесува само ваков закон за заштита на правата каде се утврдуваат и правата, но каде се одредуваат и обврските на другите учесници на целиот овој процес, а без да се тангира нивниот статус и положба.

На крајот, не ми е јасно зошто во членот 50, Државната комисија за заштита и промоција на правата на пациентите е должна да соработува со Народниот правобранител. Кажете која е улогата на Народниот правобранител. Вака само се нафрла учеството сета оваа постапка на Народниот правобранител. Јас сум свесна зошто е ова, но размислета зошто не ви е тоа регулирано, само е нафрлено. Затоа ви велам, уредете ја постапката. Инаку, овој закон ќе се сведе на жив популизам и жива декларација. Пациентите ќе немаат никаков бенефит, нешто да почуствуваат. И достга го имаа првото на заштита, си го оствaруваа пред судовите и досега си имаа право на судска заштита никој не им го бранеше. Тоа е однос кој произлегува од облигационите односи кои се воспоставуваат помеѓу странките во овој процес. Доуредете ја оваа постапка, направете го тоа. Не може само вака, соработува со Народниот правобранител. За да се соработува со Народниот правобранител значи, имајќи ја предвид позицијата на Народниот правобранител каде тој ги штити правата и интересите на граѓаните од актите на органите на управа, претпоставува дека треба да има акт во управна постапка каде ќе се кршат правата на пациентите, каде ќе се утврди прекршувањето на правата на пациентите и по тој акт да се реагира кај Народниот правобранител. Но, тоа никаде овде не е напишано, само е нафрлено, обврска Државната комисија да соработува со Народниот правобранител.

И на крајот, во преодните и завршни одредби ниту имате рок за формирање на комисиите на сите овие нивоа, ниту имате рок за поставување на сите оние советници кои треба да ја завршат оваа работа.

Верувајте, и покрај сите мои напори да го гледам од позитивен аспект законот, затоа што и јас сум пациент и сите сме потенцијални пациенти, се поставив во улога на пациент и од првиот до последниот член го читав внимателно и си правев симулација како би изгледало остварувањето на едно мое право по овој закон. Верувајте, ништо подобро од она што до сега сме го имале, затоа што овде немаме јасно издиферинциран став како ќе бидат поставени механизмите на заштита, каков акт ќе донесуваат овие органи за да може полесно пациентот да си ги остварува правата во судска постапка. Ништо пациентот нема да добие ако докторот биде казнет со две или три илјади евра парична казна. На крајот на краиштата овој закон треба да не сплоти сите нас како пациентите, така и медицинскиот персонал затоа што една од препораките на светската здравствена огранизација што за мене е многу важна која исто така треба да ја почитуваме е да градиме партнерски однос, меѓусебен однос на доверба, пациент и доктор, а овој закон вака како што е срочен не ми дава за право да мислам дека ќе го постигнеме тоа затоа што пациентот ништо не добива а само се утврдуваат повисоки казни на оние чии животи се во нивни раце.

Еве, тоа беше придонес по овој закон. Очекувам дека посериозно во втората фаза ќе биде сфатен овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Збор има господин Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе, господине заменик министер, колеги пратеници,

Денес повторно имаме еден предлог на закон кој со согласност на Владата успеавме колку толку да направиме нешто, регулирајќи ја оваа материја во две фази и на тој начин можноста одредени работи кои овој закон ги нуди да бидат исправени, дотерани и на некој начин да е можно максимализирање на правата на пациентите, што е заложба на овој Предлог на закон.

Многу зборови беа кажани, многу работи беа критички интонирани, јас би се согласил во тој поглед и би тргнал во една друга постапка околу ова прашање.

Ова е закон кој што се обидува да интегрира многу законски решенија, норми, етички постапки, кодекс на однесување кој што постои во една законска материја заедно, меѓутоа, овој принцип

на компилација, начинот на кој што го имаме како текст, според мене, е неуспешен.

Што подразбира ова? До сега правата и обврските на пациентите не беа занемарени како права. Правата на пациентите кај нас се и уставна категорија. Правото на социјална земја и правото на социјален систем, правото на осигурување итн., се еден голем број права кои задираат во правата на пациентот. Според тоа, уште од самиот Устав имаме дефинирање на бројни права кои граѓаните и другите присутни во Република Македонија ги стекнуваат како пациенти. Голем дел од она што во оваа сфера постои е систематизирано или е дел од Кривичниот закон, дел од Граѓанското право и имате еден куп работи кои овде од одредена страна или одредена категорија пратеници беа глорифицирани дека ова ќе биде, ќе, или не знам што се, меѓутоа, сето тоа веќе постои. Ако ги проверите документите по медицинските установи, конкретно на клиниките, вие ќе видите дека многу години, значи повеќе децении, согласност за оперативна интервенција мора да биде потпишана од пациентот. Значи со ова вие не го измислувате тој терк. Со други зборови, врз база на искуствата кои ги имаме во тој поглед можеа некои нормирања во овој закон да бидат направени.

Понатаму, при формирањето на овој закон требало повеќе да се води сметка за она што веќе постои како законска регулатива во Република Македонија.

Понатаму, она што колешката Иванова и другите колеги напомнаа, тоа е Законот за локална самоуправа. Тој закон беше донесен 2002 година, тој е системски закон или мини устав на локалната самоуправа, каде што децидно се уредени ингеренции на локалната самоуправа, и вие или ќе го смените тој закон или ќе го измените тоа што овде како предлог решение сте го дале на локалната самоуправа, заради тоа што се инкопатибилни како систем.

Меѓутоа, поентата на сето ова ни е да се запрашам што очекуваат пациентите од еден ваков закон. Нормално е, човечки е секој од нас кога би се нашол во ситуација да биде пациент очекува максимум. Максимумот може да го добие и да биде сервисирано исклучиво од здравствените работници, со други зборови од здравствениот систем кој што постои во Република Македонија. Според тоа, правата на пациентите директно произлегуваат од можностите кои ги има здравствениот систем во Република Македонија во најдиректна корелација. Најчовечки и она што прво би го посакал секој пациент е да биде љубезно дочекан во секоја здравствена установа, редот за чекање да биде намален, редот за третман да биде побрз и поитен, условите во кои ќе опстојува во болнички услови да бидат пристојни, лекарствата, потрошните материјали и се друго да биде достапно до пациентите. Сето ова е она што е очекување или што пациентот размислува дека е негово право. Со една ваква законска норма тој ве уверувам не ќе може да ги препознае своите права. Во Република Македонија каде што има многу неписмени ваков текст и писмените не можат да го совладаат или да го апсорбираат за да сфатат кои им се правата.

Според тоа, моја сугестија е текстот на законот да биде максимално исфилтриран, систематизиран, јасен, концизен и прецизен. Целиот текст треба да биде во форма на една кратка брошура каде ќе бидат дефинирани тие права кои што пациентот треба да ги има.

Меѓутоа, ако тргнеме од тоа дали може да бидат реализирани овие права на пациентите, како тргнала работата, по мое длабоко уверување, тешко може да бидат. Зошто го коментирам ова? Затоа што континуирано сме во еден впечаток кој е наметнат дека во здравството се прават револуционерни и епохални реформи, меѓутоа, континуирано гледаме дека тие реформи прво не се одраз или не ја следат правата траекторија по која треба да одат, не ги произведуваат бенефитите кои секоја реформа мора да ги донесе.

Според тоа, дали можеме да зборуваме за права на пациенти ако ние година дена, со четири пет одлагања имаме тендер за ликови во Република Македонија. Каде се тука правата на пациентите? Значи немоќта на реализација на тој тендер, прв пат не се објавил во меѓународни весници и наши весници, па потоа друго се пропуштило, па повторно се прекинало, периодот на овој тендер веќе изминува и пред месец ипол дека беше најавен повторно, но уште не е отворен. Дали Владата, затоа што најверојатно ова не е само на министерството за здравство туку како концепција и на Владата, има јасна цел каде треба да оди здравството, каде треба да се движи и на кој начин да се подигнува неговото ниво.

Изминативе денови имавме една запрепастувачка изјава со размислување од страна на Министерството за финансии за менување на системот на функционирање во здравството, односно распуштање на Фондот за здравство и преку ДДВ Централно буџетирање на активностите во здравството. Значи секаде буквално секаде, тенденција е да имаме фондовско работење. Ако тргне по овој принцип Владата може да укине и пензиски фонд, па имаше втор пензиски фонд, па сега се промовира и третиот - да ги укинеме, нема потреба да има фондови, па Фонд за патишта и не знам што друго.

Значи, регулирањето на целата постапка во здравството преку Фондот е правиот начин на кој се реализира. Поранешните социјалистички земји мака мачеа додека воспостават фондовско работење. Бугарија го почна тој фонд во период кога ние веќе имавме фонд, и тој фонд отиде до некој степен на развој, затоа што не можеа преку ноќ да ги направат работите. Ние наместо да го решиме проблемот внатре во Фондот, да разрешиме некои работи кои се пречка, ние тој проблем ќе го префлиме на друга страна, ќе

направиме сосема друг проблем за да го решиме овој проблем и на тој начин мислиме дека ќе ја решиме работата. Концепциски гледаме дека таа работа воопшто не оди. Мене тоа ме загрижува, затоа што ниедно право на пациентите на тој начин нема да биде реализирано. Како можеме да зборуваме за правата на пациентите, кога до максимум се промовира акцијата за штедење на име на пациентите. Било кој од вас ако бил во болнички услови сега сместен или бил во посета или имал некој контакт, веднаш може да дознае и да му биде јасно дека ништо од потрошниот материјал во болниците нема. Дали пациентот има право на трахијален тубус и ќе кажете да, нормално, тоа е процедура волекувањето. Да, има право ако си го купи сам. Тоа не е право. Понатаму, дали пациентот има право на примарна, секундарна и на терцијална заштита? Да почнеме од примарната. Што подразбира правото на пациентот? Подразбира да има пристапност и достапност до лекарот односно до пружање на лекарска или здравствена помош. Ако можеме да кажеме дека тој може да има достапност и пристапност кога не е дефинирана мрежата на здравствениот систем во Република Македонија, и покрај тоа што сметавме дека со приватизацијата голем сегмент ќе се реализира и врз база на тие сознанија експертите ќе направат додаден напор и ќе ја дооформат мрежата. Меѓутоа, видовме некои експерти си земаа пари и оставија празни страници на кои не е дефинирана мрежата. Значи првото на пристапност и достапност на овој начин повторно е ускратено.

На крајот да стигнеме до Клиничкиот центар како терцијално прво. Во овој момент сме сведоци на еден процес кој оди постепено, меѓутоа, оди многу сигурно, кој процес дефинитивно Македонија ќе ја стави во ситуација она што постои како Клинички центар ќе го заборавиме, а ќе никнат некои други клинички центри. Дури беше тоа пофалено и кажано од страна на министерот за здравство кој рече дека Клиничкиот центар во Тетово ќе биде направен јас можам тоа да го поздравам, меѓутоа, би им советувал овој клинички центар кој што по традиција постои, каде што функционира и Медицинскиот факултет да не го разградува.

Второ, како може министерот да вети илјада евра за сите кои ќе работат во Клиничкиот центар во Тетово, а оние кои работат во Клиничкиот центар во Скопје сега добиваат 300 евра плата. Значи тоа се или неодговорни изјави или се популистички изјави дека нешто ќе се направи.

Со други зборови, правата на пациентот ќе бидат скршени, прекинати, замаглени, доколку нема терцијална здравствена заштита. Ќе одговорите дека со делбата на Клиничкиот центар клиниките остануваат и понатаму, да бидсат систем од терцијалната здравстсвена заштита. Не може да бидат. Формално можеби да, меѓутоа, реално сигурно не. Зошто? Затоа што реално тие клиники треба да обавуваат здравствена дејност, треба да обавуваат научно истражувачка дејност, мора да обавуваат едукативна дејност. Сето ова нема да функционира доколку на овој начин бидат регулирани правата на пациентите.

Значи, кога зборуваме за принципот на едукација во здравството, треба да биде јасно дека тука има многу голема теоретска наобразба, меѓутоа, за да стигнете да бидете прав професионален лекар, она што е најманифестно, без разлика, секоја специјализација е врвно тешка, меѓутоа, она што е најочигледно кај луѓето е хирургијата. Без практично работење, без операции ниеден специјализант нема да стане хирург. Без работење не може да стане добар хируг, без уште поголемо работење не може да стане врвен хирург. Меѓутоа, тоа е процес, тој процес е принцип на едукација во тој клинички центр. Доколку овде не биде наведено дека Универзитетски клинички центар, пациентот кој влезе внатре, потпаѓа под регулативата каде што имаме и научно истражувачка дејност и имаме едукација. Па каде ќе ги едуцираме нашите колеги идни генерации? Или ќе продолжиме со еден систем на дегенерација, затоа што дегенеративниот систем во здравството континуирано ни паѓа на подолно ниво.

Понатаму, дали на овој принцип кој што постои кај нас, а од друга стрна имаме декларација во законот за врвни квалитетни процедури и норми на лекување, ние реално или само декларативно ги даваме правата на пациентите. Некни се зборуваше за просекот на застапеноста на докторите, меѓутоа, ги проверив податоците и ќе ви кажам дека во Република Македонија вкупно во сите здравствени установи има околу 16 илјади и нешто парчиња на разна опрема. Целата таа опрема е систематизирана и просечната старост, велам просечната старост на целата оваа опорема е повеќе од 18 години. Со ваква опрема, со овој просек на старост каде што 80% практично од таа технологија и апаратура треба да биде исфрлена, не се реализираат права на пациентите. Правата на пациентите ќе се реализираат со инвестиционит циклус, каде што ќе се одигне тенолошкиот квалитет и можностите за побрза дијагностика и поадекватна терапија.

Кога го гледате овој закон, никаде не гледате кои се обврските воопшто на ддржавата или на Министерството за здравство визави обезбедување на условите на здравството. Дали тука постои одговорноста, на Владата, без разлика која е или не постои одговорност на Влаата. Значи не можеме да дадеме само декларативни права. Тие права сепак треба да бидат овозможени, затоа што пациентите очекуваат права и на крајот кога ќе дојдат ќе се судрат со една реалност, која што реалност ќе биде како потонати бродови кои тие не можат да ги спасат.

Друго што би сакал да нагласам е дека можноста за манипулација на овој закон каква е овде даден е многу голема, огромна е. Еве, конкретно членот 63, каде што е глобата на докторите, вели дека глоба во износ од толку и толку ќе му се изрече за прекршок на здравствениот работник што непосредно врши медицинска интервенција и сега

се наведени десет точки. Овие десет точки, ќе земам еден формулар како лекар, знаете тоа како изгледа, ќе му ги дадам на пациентот и ќе му кажам треба да те лекувам, потпиши го ова. И заврши работата.

Значи, докторот се обезбедил на овој начин со потпис од пациентот околу сите овие права. Дали некои од овие декларативни права, освен, ако нема морал, етика и доверба да не биде спроведено.

Принципот на правата на пациентот е давање на можности на здравствениот работник со максимална доверба меѓу пациентот и докторот. На овој начин тешко, многу тешко.

Значи, овој законски текст е препишан од хрватскиот текст, не водејќи норми за она што е лингвистика и она што е регулатива во Република Македонија.Оригиналниот текст многу подобро звучи затоа што очигледно и преводот е многу лош.

Токму од овие причини, добро е што овој закон оди во две фази. Меѓутоа, мој совет е, доколку сакате да го прифатите, а да направите подобра работа, паралелно со јавната расправа околу ова прашање се води и расправа, или се носи законот за докторите, затоа што реализацијата на овие права оди преку обврски на докторите. Значи со една интеракција на овие две законски решенија, вие можете да донесете регулатива, која што регулатива ќе обезбеди негови бенифити или подигање и развој на тие односи внатре. Во меѓувреме да престане да се води популистичка политика, туку да се седне и д се направат тие работи, затоа што состојбата во здравството ни од далеку не е за она што се рпетставува. Состојбата во здравството се доведе до, некој овде зборуваше, дека низ овој закон се пласира тезата за еутаназија, што не е точно дека се пласира, меѓутоа, точна е тезата дека со начинот на кој што во моментот делува здравството, затоа што нема друг механизам и инструменти да делува, здравството делува по принцип на пасивна еутаназија. Немоќта да пружите помош и немоќта да дадете помош од ред работи што постојат денеска е принцип на пасивна еутаназија. За оваа работа, можеби еден ден некој ќе треба да одговара, затоа што не можете да се правдате исклучиво со штедење, штедење и штедење. Најголемо штедење, ние Фондот можеме да го направиме да биде едноставно организација која ќе реализира профит. Меѓутоа, ако ги укинеме сите права кои ги имаат пациентите, значи, од една страна декларативно се дава закон за права, а од друга страна континуирано се ускратуваат правата. Можеме да ги прекинеме на пример, да ги лимитираме како што е во Албанија. Имаат право на 300 болни за дијализа. Кај нас ги има 1300. Што значи ќе ги пуштат илјада да умрат и нема да има никакви трошоци и да не зборуваме што се може да се направи да се заштеди. Меѓутоа, целта е произведување на здравје, произведување на бенефит, произведување на задоволство и чувство на сигурност кај сите граѓани на Републиката, затоа што сите се потенцијални пациенти. Начинот на кој се тргнува од здравството со огромниот популизам не оди на добро. Мислам дека треба да се свести оваа Влада што прави и дека ова не е меѓник или темелник на новите односи меѓу пациентите и докторите во Република Македонија. Најмалку е тоа. Многу од оваа регулатива веќе постои, овде треба да се систематизира, меѓутоа, треба да биде многу јасна, многу пристапна до пациентите и истовремено да биде во релација со обврските кои докторите ги имаат и према друштвото и према пациентите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Рамадани дали имате реплика или збор? (Реплика).

Повелете за вашите три минути.

**Али Рамадани:** Благодарам господине претседател, почитувани пратеници, немав намера да реплицирам бидејќи со внимание го следев излагањето на професорот Оровчанец и во еден дел просто не можам да верувам дека од неговата уста излезе една ноторна невистина со претпоставка дека ќе се отвори клиничкиот центар во Тетово на уштрп на клиничкиот центар, односно Медицинскиот факултет во Скопје. Тоа е теза која не држи.

Меѓутоа, не ми е јасно зошто ја постави ваквата дилема, односно на ваквата дилема сакам да и ставам крај со три поставени прашања на господинот професор.

Прво, Медицинскиот факултет во Скопје од кога постои и дали од почетокот на неговото постоење сите професори беа Македонци од Скопје, односно граѓани од Република Македонија.

Второ, каде беше професорот кога Клиничкиот центар во Битола се претвори од болнички во Клинички центар, ми се чини и тогаш бевте пратеник во Собранието, а најмалку што треба да го критикувате законот и развојот и реформите во здравството треба да бидете вие, поради тоа што вие бевте бивш министер за здравство. Што направивте во тој временски период додека вие бевте министер за здравство?

Трето, зошто го критикувате унапредувањето институционално на здравството во Медицинскиот центар, сега болница во Тетово во Клинички центар и зошто ви смета тоа дека тој Клинички центар денеска кој ќе се претвори од болница во клиника ќе служи како основ за создавање, односно оснвање на медицински факултет во Тетово.

Дали и вие спаѓате во таа група на професори кои се недај Боже забременети со национализам, што не сакам да верувам, или не е тоа сигурно и второ, дали навистина сакате целата концентрација на науката да ја држите во Скопје, исклучиво кај професорите во Скопје, да не развиете друго. Мене просто не ми е јасно и не можам да верувам и не знам што одговор ќе очекувам од вас. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Оровчанец, контра реплика од една минута.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине пратениче во мое време точно е дека болницата во Битола стана клиничка болница и унапредувањето на болницата во Тетово исто беше во мое време. Воопшто не направив, вие правите замена на тези, јас реков дај Боже да може да се направи, меѓутоа, истовремено нема потреба да се руши Клиничкиот центар во Скопје. Ако вас не ве загрижува рушењето на Клиничкиот центар во Скопје, тоа е ваш проблем и не знам воопшто колку тука има било какви национални елементи.

Наметнување на национална или етничка тема кога зборуваме за реално професионално прашање е комплетно немање на аргументи и замена на теза.

Втора работа која треба да ја знаете е таа дека вие можете да проверите што јас како министер сум направил. Ако не сте го сфатиле тоа за тој период, тоа е ваш проблем. А колку е направено, можеме сега да елаборираме за овој период. Моите желби и потреби се други во однос на она што вие сакате да го декларирате. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине заменик министер.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам претседтеле,

Јас би сакал воедно да се заблагодарам на сите пратеници кои што дискутираа во изминативе денови на темата закон за заштита на права на прациентите.

Сметам дека на овој начин успеавме и Владата покажа конструктивност и придонес во делот на тоа дека законот ќе се носи во две фази, поточно во прва фаза, каде што се направи претрес на Предлогот на закон. Ние слушнавме доста интересни коментари. Сакам да ги уверам пратениците дека голем дел од тие коментари кои што тие ги кажаа, кои што беа конструктивни ќе најдат разбирање во Министерството за здравство и ќе бидат внесени во конечната верзија на законот.

Воедно, повторно би сакал да кажам дека овој е закон кој што е во интерес на подобрување на соработката помеѓу докторите и пациентите и во ниеден момент не треба да се прифати како некаков вид на конфликт кој би се предизвикал помеѓу лекарите и пациентите. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за заштита на правата на пациентите.

Второ, Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за заштита на правата на пациентите, пришто ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела, амандманите на пратениците во вид на предлози и забелешки и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија и амандманите на пратениците во вид на прдлози и забелешки да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за здравство.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Истовремено, ги повикувам пратениците присутни во Собранието да влезат во салата и да ги заземат своите места за да се обидеме да гласаме пред да дадеме пауза за ручек.

Во тој случај, тука ќе прекинеме.

Давам пауза за ручек до 15,00 часот,

(Пауза од 14,00 асот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,09 часот).

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места за да продлжиме со работа.

Ги молам службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Пред да го ставам предложениот заклучок на галсање ги повикувам службите уште еднаш да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места за да пристапиме кон гласање на предложениот заклучок.

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Бидејки во салата се присутни 61 пратеник предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предложениот заклучок гласаа 59 пратеници.

За гласаа 57 пратеници, 2 гласаа воздржано и против нема.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор заменик министерот за економија, повелете.

**Киро Спанџов:** Благодарам.

Почитувани пратеници се работи за измена и дополнување на Законот во насока на усогласување со казнените одредби, водењето на прекршочна постапка и изрекувањето на прекршочни санкции што со овој закон се доверува на надлежните судии.

Имајки ја во предвид висината на казните имаме усогласување со Законот за прекршоци и тоа е основната причина за предлагање на оваа измена.

Предлагам да ја прифатите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господин заменик министер.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост.

Пред да го ставам предлогот на гласање уште еднаш ги повикувам службите да ни достават точен број на пристуни пратеници во слата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата има 62 пратеници.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предложениот заклучок гласаа 59 пратеници и сите гласаа за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници и сите 57 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Огворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници за Предлогот на законот гласаа 59. За гласаа 58, воздржано 1 и против нема.

Констатирам дека Собранието го доенсе Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриска сопственост.

**Минуваме на точката 7 - Предлог на закон за заштита од бучава во животната средина.**

Предлогот на закон, и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор заменик министерот за екологија, повелете.

**Соња Лепиткова:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, ...

**Бесим Догани:** Колеги ве молам за малку тишина, мир во салата. Ве молам.

**Соња Лепиткова:** Ова е закон за бучава, додека да го донесеме се толерира, може да не се спроведува.

Донесување на новиот закон за заштита од бучава во животната средина е резултат на потребата за промена на постоечката регулатива за бучава во Република Македонија, која до сега не беше соодветно третирана.

Јас морам на почетокот да напоменам дека се она што беше искажано во првата расправа по разгледување на законот за бучава и во поголема мера на некој начин е инкорпориран во втората фаза на Предлогот на закон за бучава, а Министерството за животна средина изврши и измена на насловот на самиот закон што беше на некој начин укажано по првото читање.

Воедно се воведоа и одредби за подетално уредување на бучавата во соседството, а согласно насоките се одржаа и неколку трибини во Република Македонија и можеме да кажеме дека сите забелешки кои што беа изразени од пратениците беа разгледани и како такви внесени во Предлогот на законот.

На крај би сакал да кажам дека со законот е воведен и нов систем за прекршочни санкции во кој што се предвидени глоба во висина од 150 до 20 илјади евра за оние кои што на некој начин ќе влијаат на зголемување на бучавата и посебно индустриските капацитети и угостителските објекти.

Со надеж дека законот како таков е прифатлив не само за пратениците, туку и за пошироката јавност, а во него се инкорпорирани и самите заложби во директивите од европското законодавство очекуваме дека законот и од пратенците ќе биде прифатен и како таков ќе биде изгласан. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Лепиткова.

Има збор господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Значи за доста кратко време од завршување на правата фаза на Предлогот за донесвување на закон за заштита од бучава во животната средина е предлог во кој што се дадени завршните предлози во поглед на начинот, решенијата како Министерството за заштита на животната средина предлага да се регулира исклучително важна проблематика од нашиот живот...

(Во салата нема ред  и тишина).

Може ли малку тишина и мир.

(Потпретседателот ги предупредува пратениците со ѕвончето).

Самиот амбиент во салата покажува или докажува дека станува збор за проблематика која што треба да се регулира амбиентот во кој што луѓето живеат итворат, бидејки оваа проблематика е доста потценувана од страна на јавноста заради недоволно познавање на последиците кои што се јавуваат од перманентно изложување на повишена бучава во текот на секојдневното живеење.

Значи, и во првата фаза и во комисиската расправа јас се обидов бидејќи ми е доста блиска оваа проблематика да дадам одредени предлози и сугестии. За волја на вистината бев поканет и од заменикот на министерот да дадам придонес и во изработката на оваа завршна верзија. Од објективни исубјективни причини можеби не сум одговорил на тој предизвик, но еве да ги потенцирам моите глави сугестии, забелешки по однос на  предлогот кој што е даден во текстот.

Ќе почнам со поглавјата.

Во Главите 1 и 2 овој закон ги регулира општите одредби, дефиниции кои што всушност посочуваат кој е предметот на законот и дефиниции на бучава во животната средина и т.н.

Првото битно прашање е во образложениeто. Би сакал да слушнам образложение што значи ова “битно е да се напомене координацијата со законот за животна средина како рамковен закон кој се применува на сите медиуми и области на животната средина, при што законот за бучава во животната средина се јавува како посебен закон, лекспецијалист со кој се уредуваат прашањата поврзани со бучавата”. Мислам дека не му е местото на ова тука, а правно поинаку се третира оваа проблематика. Со лекспецијалис се даваат исклучоци од одредени законски состојби кои што ги регулираат со повисок законски акт, како што е Уставот на Република Македонија, а еден закон со друг закон исклучиво не можат да се негираат ниту да се контрадикторни еден во однос на друг.

Во Главата 3-извори на бучава во животната средина немам некои посебни забелешки бидејки се дефинирани во принцип сосема добро главните извори. Доста е проширен вокабуларот на посебни извори кои што се однесуваат како во делот на индустриската, стопанската, занаетчиската или друга производна постројка или инсталација и т.н.

Значи, преминуваме на Главата 4 - гранични вредности на нивото на бучава во животната средина, која се однесува на дозволени гранични вредности на ниво на бучава кој треба да бидат конкретно одредени со подзаконски акти.

Исклучително важна проблематика во која што треба да се дефинираат вредностите на ниво на бучава кои што понатаму од страна на оние кои што го спроведуваат мониторингот, мерењето и кои што прават елаборати треба да се повикуваат на одредени одредби.  Ова е договорено да се реши со правилник, подзаконски акт.

Значи, прв правилник, прв подзаконски акт.

Глава 5 - индикатори за бучава во животната средина.

Овој дел ќе биде посебно уреден со подзаконски акт кој ќе се однесвуа на примена на индикаторите за бучава, основните индикатори за бучава, дополнителните индикатори за бучава во животната средина, начинот на мерење на бучавата и методите на оценување на индикаторите за бучава во животната средина.

Значи, тој подзаконски акт, тој правилник ќе се однесува исклучиво на индикаторите за бучавата во животната средина.

Глава 6 - управување со бучавата во животната средина.

Треба да се донесвуаат плански документи каде спаѓаат стратешките карти на бучавата и акционите планови за бучава со кои како новина во нашето законодавство треба да се започне со изготвување во рок од 5 години од стапување на сила на овој закон. Вели: “поблиски содржини на овие плански документи ќе бидат дополнително прецизирани со подзаконски акт”. Значи, еве се повикуваме на трет подзаконски акт, трет правилник.

Глава 7 - мерки за заштита од бучава во животната средина вели: “уреден е делот кој се однесвуа на содржината на заштитата од бучавата при планирањето на просторот во просторните и урбанистичките планови кои треба да се пропишат со дополнителен подзаконски акт”. Подзаконски акт број 5. Значи, петти правилник кој што треба да се донесе.

Глава 8 - мориторинг на бучавата во животната средина. Со подзаконски акти ќе се доуредат деловите кои се однесуваат на избор на локации на мерни места, начинот условите и постапката за воспоставување и работење на мрежите, методологијата и начинот на мориторинг, како и условите начинот и постапката на доставување на инфорамции и податоци од мориторингот на состојбата во областа на бучавата и поблиските услови во поглед на потребната опрема која треба да ја поседуваат субјектите кои ќе вршат стручни работи на мориторинг на бучавата. Правилни број 6 или 7.

Во Глава 9 - каде што се третира информативниот систем не е предвидено да има правилник, но

Во Глава 10 - услови и технички мерки за заштита од бучава во животната средина предизвикана од посебни извори вели: “во оваа Глава утврдени се правните основи за донесување на подзаконски акт кои се однесвуаат на посебни извори на бучава во животната средина, кои се погоре наброени, а кои ќе значат усогласување односно земање во предвид на посебните директиви на Европската унија кои се однесуваат на овие посебни извори”.

Значи, ова е 8-ми правилник и да претпоставиме дека ќе биде еден правилник, еден подзаконски акт.

Глава 11 - финансирање, пишува дека средствата за управување на бучавата во животната средина, за кои надлежност имаат општините, градот Скопје и општините во градот Скопје се обезбедуваат од Буџетот на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, како и од други извори на средства утврдени со закон. Сега, тука не станува збор за подзаконски акти, правилник, туку јас изразив сомневање на имплементација на законските решенија, заради финансиската моќ на општините. Имено, во претходните дебати кои што беа развиени во овој собраниски дом неколку пати копјата се кршеа во поглед на потребата од создавање на амбиент за повеќе извори и висина на средства за буџетите на општините. Меѓу другото пратеничката група на СДСМ при донесување на Законот за рамномерен регионален развој при измените на Законот за финансирање на општините предложивме зголемување на стапката која што се зема од данокот на додадена вредност од 3 на 4,5% да се издвојува за Буџетот на општината, бидејќи се зголемени надлежностите на општините во функција на спроведување на надлежностите од децентрализацијата. Сега, овде со овој Закон ние им даваме дополнителни права, но исто така и обврски на општините за исполнување на одредени одредби. Овие надлежности коштаат. Спроведување на тие надлежности бара пари. Овде се наведуваат извори на приходи, Буџетот на општините односно на град Скопје. Познато е, барем во минатото дека освен град Скопје и освен два или три поголеми градови Охрид, Битола и другите градови проектираниот Буџет не го остваруваат во целост. Прашање е, дискутабилно е дали во вакви реални услови на полнење на буџетските каси на општините тие ќе се осудат во нивните годишни програми за работењето, да предвидат финансиски средства кои што ќе значат имплементација на законските решенија за заштита на животната средина од прекумерна бучава.

Да резимирам, за мене овде постои одредена фалинка во делот што ако општините не ја исполнуваат оваа законска обврска. Како ќе бидат натерани од срана на надзорниот орган, значи ќе се поведат прекршочни пријави? Тоа не се исполнува. Значи, прашањето е дали ЗЕЛС биле консултирани во овој дел, дали дале свое мислење и ако не дале свое мислење зошто не дале свое мислење и ако го дале своето мислење какво е тоа мислење во поглед на зголемените надлежности во делот на потребните средства кои што ќе треба да ги обезбедуваме.

Во делот на надзорот наредната глава Надзор и надлежни органи, таму се предвидени зголемени надлежности и од страна на посебни органи и тела, кои што треба да бидат формирани од страна на општините. Имајќи ги предвид постојните капацитети на општините на постоечките човечки ресурси, но и финансиската моќ која што постои кај општините, јас искрено се соменевам дека ќе се пристапи кон создавање на тие тела. Да, законот дава рамки, дава можности, дава и обврски, но истовремено такви закони лични даваа надлежности и во делот на образованието. Голем дел на општините се уште немаат овластен просветен инспектор, кој што ќе врши постојано мониторирање на работење на училиштата и ќе го известува основачот односно општината за постојните состојби во училиштата. Или таму каде што е формирана таква служба се состои од еден човек или таму каде што постои служба, надлежностите ги третираат на сосема погрешен начин.

Во делот на прекршочни санкции постои соодветна усогласеност со Законот за прекршоци, но тука искрено се сомневам дали ќе дојде до соодветен вистински одговор од страна на оние кои ќе ги изрекуваат прекршоците и дали навистина тие прекршоци ќе бидат санкционирани и дали од страна на прекршителите ќе бидат исплаќани пропишаните казнени одредби. На хартија супер стои, но се плашам дека ќе се претовирме во една држава во која што ќе имаме едно море на поведени прекршочни постапки спрема надлежните институции, бидејќи во реалност не можат во моментот да одговорат со своите капацитети на овие барање и надлежности кои што јас не се сомневам и подржувам дека се усогласени со директивите на Европската унија и, тука доаѓаме до она прашање на преодните одредби. Јас и во првата фаза побарав од претставниците во тој момент на Владата односно на Министерството да преиспитаат роковите на започнување на одредени одредби од овој закон со една единствена цел во раалниот амбиент да се има предвид какви се можностите за исполнување на овие законски обврски.

Сега да резимирам, нема сомневање иако можеби звучев поинаку, јас го подржувам законот. Сметам дека законот треба да биде донесен, дека на Република Македонија и е потребно вакво законско решение, кое што ќе ја регулира оваа проблематика, но навистина немаше простор амандмански да се интервенира, затоа што главните столбови на имплементација на овој закон предлагачот навестил дека ќе бидат решавани со подзаконски акти. За мене тоа е најголемата фалинка на овој закон. Преопширен е во објаснување на одредени одредби, а суштинските мерки се навестува дека ќе бидат решавани со правилници и подзаконски акти. Не може да се интервенира ниту стручно, ниту на поинаков начин со амандмани кога тоа ќе биде допрва одлучувано и, ние се разбира, како пратеници нема да имаме можност да интервенираме подзаконскот акт го носи министерот и кога ќе го добиемем Службениот весник ќе прочираме како во правилникот се дефинирани одредени предлог решенија, мерки, без да може да се интервенира за подобрување на текстот. Значи, многу има подзаконски акти, многу правилници. Прочитав најмалку 10 во секое

подглавје, во кое што суштински треба да се реши механизмот или методологијата за имплементација во тој дел. Тоа, мене искрено ми пречи. јас не се сомневам дека тоа ќе биде добро решено, ама тоа отвора прашање колку законот е конзистентен и колку законот губи од компактноста при можноста за негова имплементација, колку се отежнува неговата имплементација. Да поедноставам, ете и за јавноста, ќе треба да се врши мониторирање на одреден објект и сега институциите кои што треба или поединците овластени, акредитирани од страна на министерот ќе треба да направат елаборат и извештај за да ја утврдат фактичката состојба. Треба да се убијат од барање на подзаконските акти сите 10 кои што се поврзани еден во однос на друг за да можат да одговорат на задачата. Често пати тоа ја зголемува и цената на чинење на вршење на таа услуга, бидејќи повеќе време ќе потрошат оние кои ќе го вршат мониторингот. Кога ќе им ја кажат цената на корисниците таа цена секогаш ќе биде многу висока, бидејќи во законот се дефинирани периодични такви мониторинзи. И, навистина, во тој дел можеби можеше да се напрви еден исчекор повеќе да се скрати бројот на правилници и во законот да се дефинираат оние одредби за кои што не се очекува во скоро време дека ќе бидат променувани. Значи, ако ја консултирате науката во тој дел ќе видите нивото на бучава, изложеноста на бучава подолг временски период, не се променети и ако ги усогласувате со европската легислатива односно со директивите можеле комотно да бидат имплементирани во законското решение без страв дека тоа ќе биде променета за еден временски период. Рокот за изработка на тие правилници е пишано во преодните одредби дека е 3 години. За некои можеби е прекраток, за некои е предолг. Јас не се сомневам во енергијата на заменик министерот и на другите надлежни кои со голем елан ќе работат на оваа проблематика, ама некои правилници од објективни причини не ќе можат да бидат донесени во овој рок. Затоа, мојата сугестија повторно се враќа кон правичната главна забелешка премногу правилници непотребни.

Посебна забелешка имам во делот на овластени институции, поединци. Можеше да се направи напор и тоа беше моја сугестија, без да бидам сфатен субјективно, дека одредени институции од научните тела во консултација со Министерството за образование и наука кое што ги има тој регистер во кој што, особено во делот на наука се дефинирани сите фази на податоци за сите научни институции и поединци кои работат на таа проблематика и можеше да се направи преглед и да се даде одредена повластеност на тие институции, за да може да одговорат на овој предизвик, бидејќи сега во моментот да ви кажам искрено, голема дел на трговски друштва се формираат и ќе сакаат да влезат во овој празен простор, бидејќи стопанските субјекти се уште не се свесни какви се не обврски овој закон ќе им наложи. Ќе мора да имаат изготвени еколошки елаборати за оваа проблематика не само за бучавата, туку и поширoко ако се сугерира и на Законот за заштита на животната средина. Значи, емисија на издувни гасови, отпадните води, загадување на атмосферата итн. Таму е внесена одредба, сте направиле една мека варијанта во однос на сугестијата која првично беше, нема никогаш научните работници да ви се јават да побараат да полагаат пред комисија која што ќе биде формирана од страна на министерот. Што значи тоа формално-правно да се јават, ќе добијат акредитација. Мислам дека треба меѓусебно повеќе да се почитуваме. Премалку имаме такви институции за да министерствата, Владата си дозволи луксус да не ги консултира во имплементација на законски решенија, еве, при изготвување на законот во ред, некои од нив и немаат согледувања на европските директиви и во тој дел на правната регулатива во ред е да се одржи одредена расправа и може на таа расправа да нема соодветен одзив, како што верувам и дека немало. Но, во имплементацијата на законските решенија тие институции ќе бидат потребни. Во делот на акредитацијата не се направил некој посебен исчекор, што значи тоа ќе биде формирано, значи ќе се даде акредитација на некој правен субјект, трговско друштво кое што ќе има најмалку еден вработен, машински инжинер или здравствен работник итн, од оваа проблематика. Прешироко е рамката. Тука се вели дека ќе се реши со подзаконски акти. Јас не сакав да навлегувам во членовите да не одземам премногу време. Во одредени членови, што значи со мерната опрема. Вели дека со подзаконски акт ќе биде решено каква мерна опрема ќе биде користена. Во првичната верзија сугерирав дека во делот на мерките за намалување на бучавата да се предвидат одредени одредби за стимулација на правните субјекти при градба на објектите, во тој дел да се предвидат одредени стимулативни мерки со кои што правните субјекти, дали ќе бидат ослободени од одредени давачки во делот на набавка на градежни материјали, изолациони материјали, апсорциони материјали кои што ќе бидат вградени во објектот, за да биде заштитена поширoката околина во делот на индустриски комплекст каде што ќе се генерира бучавата, премногу има законски одредби на казнени мерки, а премалку стимулативни мерки. Искрено, во тој дел очекував повеќе и жал ми е што во тој дел нема подобри решенија. Јас сепак, одговорноста не ја лоцирам само во Министерството за животна среднина, бидејќи тој е комплексен дел во кој што треба поширока координација и со Министерството за транспорт и врски и во дел од работењето на Владата, во кој што ќе се бара при носење на овој закон да се интервенира, на пример, во законот за градба, во законот за градежни материјали, каде што ќе се дадат одредени повластици или решенија во кои што, слично како што Владата излезе со една стимулативна мерка преку Министерството за економија да се даваат одредени субвенции на корисниците на опрема за сончева енергија.

Слично такво нешто можеше да се предвиди и во овој закон.

Да не ширам многу, сметам дека законот е доста потребен, го поздравувам неговото донесување, ќе гласаме за донесувањето на овој закон, но мислам дека суштината на законот можела да биде изразена на повисоко ниво доколку се избегнат преголемите правилници, што е предвидено да бидат како подзаконски акти пропишувани во тој дел.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Има збор заменикот министер, три минути, повелете.

**Соња Лепиткова:** Ја почитувам дискусијата од пратеникот Герамитчиоски, меѓутоа само сакам да искажам еден став со тоа што на 14 февруари беше првото читање на законот. Некаде на 28 февруари, ви упатив писмо, до вас, со што ве повикав заеднички да придонесеме, вашите ставови што беа искажани, на некој начин она што е забелешка, да се инкорпорира, за подобрување на текстот на заонот. Од тогаш поминаа четири месеци.

Значи сета оваа дискусија сметам дека ја чувствувате како лична вина за што можеби и не најдовте време заеднички да продискутираме околу подобрување на некои состојби од стручен аспект.

Што се однесува до подзаконските акти, лично мислам и сега стојам на тој став дека се тоа вредности што се оставени да се уредат со подзаконски акти, што доколку би биле ставени во законот би го обременувале. Акредитираните институции кои треба да ги прават тие мерења од досегашните искуства, од примената и на други закони, секогаш укажува дека е подобро доколку тоа се уреди со подзаконски акт, за да можат и тие лично да се вклучат во пооперативно дејствување во примената на законите.

Ова е сепак закон што е усогласен со сите европскис тандарди и регулативи и уште еднаш сакам да искажам дека Министерството за животна средина направи неколку трибини. Користеше меѓународни и странски експерти за консултанти и пред нас имаме закон што е оценет со највисока оценка и од европските експерти, од кои што особено беше укажано дека е поздравен затоа што не е обременет со многу податоци и факти, што како таков би го оптоварувале. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика од една минута господин Гераммитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Е, па, лична вина воопшто не чувствувам. Јас не сум должен да учествувам во изработка на закон што го работи Министерството. Се знае како пратеник може да интервенира во закон. Со амандман. Во овој момент јас не можев да интервенирам со амандмани, бидејќи суштинските забелешки се однесуваат на правилници. Оние стручни работи што треба да стојат во законот, предвидено е да бидат регулирани со помош на правилници. Нив, во овој момент, јас не можам да ги видам. Ќе бидат изработени во иднина. Тоа е мојата главна забелешка. Јас ви кажав дека го поддржувам законот, и жал ми е што основната забелешка на тој начин на сфаќате.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот господин Рилкоски, повелете.

**Никола Рилкоски:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги пратеници,

Веднаш на почетокот да кажам дека го поддржувам овој закон бидејќи со него се врши усогласување со регулативата и законодавството на ЕУ, што се однесуваат на бучавата во животната средина. Го поддржувам бидејќи со овој закон се врши замена на постојната регулатива, што до сега, само делумно ја регулира бучавата во животната средина и истата е инкорпорирана во разни закони, одлуки, правилници, наредби и слично, односно се применуваат законски решенија донесени уште од времето од Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Го поддржувам, бидејќи неговата цел, пред се е создавање здрави услови во животната средина на луѓето и заштита на истите од бучава, преземање мерки за избегнување, спречување или намалување на бучавата и отстранување или намалување на штетните ефекти од бучавата што се емитуваат пред се од поголемите извори на бучава. И, заради тоа што при изработката на овој Предлог закон се земени во предвид забелешките, предлозите, сугестиите и мислењата изнесени во првата фаза, па врз таа основа е извршено подобрување на текстот на законот.

Сакам да спомнам дека Охрид, преку Охрид, како град кој е загрозен со одреден вид на бучава меѓутоа не е загрозен од она што се спомнува во законот како извори на бучава, од евентуалниот сообраќај, бидејќи сообраќајот во Охрид е така регулиран да немаме во Охрид опасност од бучава од сообраќајот, немаме опасност од железница бидејќи нема железница, има аеродром, меѓутоа аеродромот е лоциран така да не претставува никаков извор на бучава за околината. Го имаме водениот сообраќај, но и тој не претставува никаква опасност и извор на бучава по животот и здравјето на граѓаните и на луѓето.

Го поддржувам и заради тоа што предвидува директна имплементација и адекватна поставеност на институциите во преземањето на мерките, како мониторинг на бучавата, ограничување на емисија на бучавата итн.

Се надевам дека со овој закон, не само декларативно, туку и конкретно ќе се придонесе и возможи за брзо отстранување на појавите на бучава што се причина за нарушување на здравјето кај луѓето.

Како што реков, една од целите на овој закон е создавање здрави услови за живот на луѓето и заштита на бучавата што се предизвикува од ова, карактеристично за Охрид повторно, од рестораните, кафулињата, кафеаните и други објекти за забава. И, надоврзувајќи се на оваа цел, преку примерот на Охрид за време на туристичката сезона сакам да потврдам што значи, потенцирам, незаштитата од бучавата врз здравјето и животот на луѓето.

Охрид како Охрид, се надевам барем сите од нас сме го посетиле во лето, имаме претстава во текот на таа туристичка сезона како изгледа ситуацијата. Многу гости, полни ресторани, полни кафулиња, полни кафеани, тераси, се јаде, се пие, музика до раните утрински часови. Убаво и преубаво. Човек да завиди што не е во Охрид, но колку за некого е убаво, толку за други мачно и неподносливо.

Овде ќе говорам за вторите, кои туристичката сезона ја доживуваат како најсилен извор на бучава, што го нарушува редот и животот на граѓаните. Ќе говорам за граѓаните на Охрид кои живеат во стариот и централниот дел на градот, на кои бучавата што произлегува од ресторанитe, кафулињата, кафаните, дискотеките ќе трае до раните утрински часови, им го чини животот неподнослив, исполнет со нервоза од непреспиените ноќи, санирајќи се секоја вечер со лексилиумска терапија.

На овој простор, говорам за централниот и стариот дел од градот, за среќа или за жал, се одвива најголемиот дел од ноќниот живот во градот. Би била среќа доколку се се одвива во границите на пропишаните норми, прописи и стандарди од почитување на работното време, јачината на музиката, интензитетот на галамата и слично, односно се онака како што предвидува овој закон.

Меѓутоа, бидејќи на овој простор се одвива се спротивно на нормите и останува само да жалиме и да сме сведоци на маките и страдањата на граѓаните, односно жителите на овој простор и гостите кои престојуваат на истиот.

Сето ова кај граѓаните предизвикува своевиден кошмар и огромно незадоволство. Зошто? Веднаш ќе кажам дека на овој простор живеат повеќе од 4 илјади граѓани. Голем дел од нив се работно ангажирани. Во летниот период тие мора да ги извршуваат работните обврски. Значи, не наспани, нервозни, тие навистина не мможат да одат и да ги обавуваат своите работни задачи на работа, онака како што би било и најнормално. Има стари, изнемоштени и болни лица. Има мали деца. Сето ова од бучавата не може да преспие ниту една ноќ во тој период на раат. Исто така и гостите не можат да одмараат бидејќи во тој дел од градот има доста гости кои се дојдени да го поминат својот годишен одмор. Но, во тоа не можат да уживаат, бидејќи се наоѓаат во иста положба во каква што се, како што кажав самите граѓани.

Непочитувањето на пропишаното работно време, јачината на музиката и неподносливата галама се најелементарните причини за незадоволство кај луѓето од овој простор.

И, ако на тоа се надоврземе со неефикасноста, да не речам никаква интервенција на повиканите надлежни органи да ја спречат ваквата појава, јасно е зошто на луѓето им е незадоволството толку големо.

Меѓутоа, се слуша и често се поставува прашањето упатено кон граѓаните - сакате туризам, сакате пари, повелете трпете. На овие три работи, на две би одговорил потврдно. Да. Сакаме туризам, Охрид и охриѓани. Сакаат и туризам и сакаат и пари. Но, не мора за тоа да трпат по нивното здравје што значи не мора да трпат. Тие се подготвени да трпат и толерираат до граници на подносливост, но не мора во име на туризмот да трпат отстапки што не се дозволени, казниви, го нарушуваат јавниот ред и мир, а никој тоа да не го санкционира.

Кога сме кај санкционирањето, кај мене се поставува прашањето дали предвидените преземања за отстранување на причинителите на бучавата и санкционирање на истите ќе бидсат ефектуирани, односно имплементирани спорд овој европски терк на закон или сето ќе остане по старо.

Доколку се остане спорд ова второво, граѓаните се подготвени и најавуваат спроведување на зацртаните цели според овој закон, спроведувањето да го преземат во свои раце. Односно сето ова што е напишано во овој закон, за жал, ќе остане само мртво слово на хартија.

И, за ради една непосредна информација што ја примив, а е директно врзана во ова прашање, јас, пред да завршам само дозволете ми да ве прашам заменик министре дали ви е познато дека во последно време, што се случува со летната сцена “Долни Сарај” во Охрид. Веројатно не ви е познато. Ќе се потрудам во кратки црти да ви кажам. Ова што го кажувам не е од потврдени извори, меѓутоа со оглед дека е од повеќе извори, мислам дека сепак е веродостојно. Но, ќе замолам за ваше ангажирање, дали сето ова што ќе го говорам ќе се потврди или не.

Сцената, летната сцена “Долни Сарај” - Охрид е сцена што е за потребите за одржување на културни манифестции во Охрид, во летниот период и се наоѓа во самото средиште, во срцето на стариот дел на Охрид. Тоа е простор со кој што стопанисува државата, не локалната самоуправа, бидејќи ако беше на локалната самоуправа не ќе се обратев до вас.

Дека, на овој поростор каде ни се случуваат вакви работиу со бучава како што говорев до сега, предвидено е и дадено е од некого, кој има право да стопанисува со тој простор, на индивидуални лица тој простор да го претворат во дискотека. Ќе било дискотека, ама со тивка музика. Невозможно.

И, ако навистина оа се случува на овој простор овие луѓе не дека ќе имаат пекол пред себе, кои

живеат во стариот дел на градот, бидејќи знаеме каква е силината на музиката во дискотеките, верувајте ќе преземат радикални чекори да не дојде до реализирање на оваа цел. Затоа би ве замолил ангажирајте се. Се надевам, евентуално до пратеничките прашања кога ќе ги имаме на дневен ред на седница ќе имаме одговор на ова прашање, а би ви сугерирал и од еколошката страна, директно да се заземете. Можеби до вас ќе дојдат писмени барања од граѓаните. Просторот кој е оплеменет со повеќе, да не речам столетни дрва, веќе почнуваат да се сечат и се средува по теркот и ќејфот на оние кои мислат тој простор да го направат летна дискотека.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рилкоски.

За збор се јави заменик министерот Лепиткова, повелете.

**Соња Лепиткова:** Ова е само одговор на прашањето за да веднаш ја расчистиме таа дилема.

Ова што пратеникот го постави, самата дискусија, навистина беа во полза на текстот на законот и неговата имплементација.

Без разлика кој го користи просторот и во чија надлежност е, локалната самоуправа на Охрид со овој закон има право да спроведува, да санкционира мерки и надлежности и дејствија што негативно ќе влијаат во било кој облик, ако како таков, со своето дејствие, врши кршење на одредбите од овој закон. Така што тоа, без разлика кој стопанисува, да се прави од страна на локалната самоуправа бидејќи тие мерки и казни, како такви се пропишани.

Ние, како Министерство за животна средина ќе ги средиме и мониторираме и тие активности и сето она што ќе биде над тоа, доколку граѓаните упатат одредени забелешки, бидете сигурни дека нашите инспектори ќе постапат, ќе ги констатираат и ќе спроведат одредени активности.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Лепиткова.

Господин Рилкоски се јави за реплика, повелете.

**Никола Рилкоски:** Благодарам на вториот дел од излагањето на заменикот минситер, веќе сум задоволен.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рилкоски.

Сега збор има госпоѓа Катерина Димеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Почитуван потпретседател, почитувана заменик министер, колеги пратеници,

Денеска пред нас е Предлог на закон за заштита од бучава во животната средина, законски проект што е во втора фаза, законски проект што е усогласен со стандардите на ЕУ и што во прилог на текстот има и кореспондентна табела за усогласеност.

Лично сакам да ја изразам мојата поддршка и задоволство од предложениот закон за заштита од бучава во животната средина. Имено, во предложениот текст, би рекла дека се прифатени речиси сите забелешки што произлегоа од првата фаза на донесување на овој законки проект.

Исто така, сакам да изразам благодарност од пристапот што беше даден при корегирањето на првата фаза од текстот на законот, со организираните дебати што беа во прилог на подобрување на текстот на законот.

Сакам да кажам една друга работа дека денес сме сведоци на тоа дека денешните градби во многу мала мера ги задоволуваат стандардите за заштита од бучава.

Предложениот текст наметнува нова и построга политика за стандардите за заштита од бучава во градбите, претставува еден услов за добивање на одобрение за градба. Тука особено би сакала да ги потенцирам членот 19 и членот 23 и за информирање на јавноста, кога веќе го спомнав членот 19, да кажам дека истиот определува мерки за заштита од бучавата во животната средина каде во првиот став правните и физичките лица се должни да преземат стандардни мерки за заштита од бучавата во животната средина.

Во интерес на времето јас не би ги читала сите мерки кои се предвидуваат, додека во вториот став, органите на државанта управа, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје се должни да ги преземат, пак се наведени мерките за заштита од бучава.

Почитувани колеги, исто така го спомнав и членот 23 кој предвидува стандарди за заштита од бучава при градба. Тука ќе прочитам дел од овој член кој предвидува дека при постапка за издавање на одобрение за градба, органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот и градоначалникот на општината и општината на градот Скопје е должен да утврди дали планските документи за објектот што се предмет за одобрение за градба ги исполниле посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита од бучава.

До колку не се испочитуваат предвидените мерки за заштита, почитувани колеги, се предвидуваат ригорозни мерки за казна во износ од 20 иљади евра. Тоа е уредено во членот 58.

Со законот се врши и децентрализација на контролата на бучавата од поединечните извори каде општините може сами да овластат стручни лица да изведува мерки на мониторинг, кое е уредено во членот 31 став 4. Задоволна сум што во него се ставени одредбите со кои се регулира прашањето на бучавата од соседството каде подеднакво се дава права и обврски и на стандардите и оној што изведува градежни работи во станбените простории. Тука ќе го потенцирам членот 41 - бучава во животна средина предизвикана од соседството уредува овој член каде во ставот 3 е кажано дека градежните активности во станбени згради можат да се вршат само во текот на денот. Јас, почитувани колеги, живеам во станбен објект и мислам дека овој став од овој член е добро прецизиран, ќе уреди едно

многу битно прашање кое навистина претставува проблем да се живее во станбен објект и да се изведуваат градежни работи со напомена дека во четвртиот став е потенцирано дека извршителот на градежните активности е должен работите да ги извршува во најкраток можен период и на начин кој предвидува најмала можна бучава.

Предлогот на законот за бучава и заштита од бучавата ја става како главна рамка во планирањето на користењето на просторот, со што јас лично се надевам дека во иднина ќе се обезбеди подобро планирање на изградбата на патиштата во Република Македонија.

Исто така почитувани колеги го поздравувам фактот што Министерството за животна средина и просторно планирање во предложениот закон јасно ја разграничил надлежноста на инспекторите на градот Скопје, општините во градот Скопје. Се надевам дека со ова веќе е нема избегнување на одговорноста на локалните власти.

Го поддржувам и решението со кое се ограничува нивото на бучавата во угостителските и туристичките објекти, со што верувам дека граѓаните ќе можат да добијат ноќен мир кој го заслужуваат, за кој почитувани колеги зборуваше претходниот соговорник. Особено што со новите решенија овие субјекти ќе бидат третирани како вршители на дејност, а не како прекршувачи на редот и мирот каде инспекциските служби ќе имаат можности да ги затвораат истите.

На крајот почитувани колеги сакам да кажам дека овој Предлог на закон ја доби поддршката и од матичната комисија - Комисијата за транспорт и врски, истиот ќе го поддржам и се надевам дека и останатите колеги ќе дадат поддршка затоа што, уште еднаш ќе потенцирам, се работи за законски проект кој е усогласен со европското законодавство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Димеска.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Колегите кои до сега дискутираа кажаа дека законот не е многу лош. Првото читање на законот беше во средината на февруари, очекувавме дека сите забелешки кои тогаш беа кажани дека ќе бидат вградени во овој закон. Добар дел на тие забелешки се вградени, меѓутоа, не знам од кои причини предлагачот заборавил или мислел дека не треба да бидат вградени добар дел од забелешките за кои тогаш ние дискутиравме.

Ценам за потребно да кажам дека определени работи доколку останат вака како што се регулирани, ќе имаме сериозни проблеми во имплементација на законот и дека ќе мораме многу брзо да го поправаме односно да донесеме измени и дополнувања на истиот.

Комисијата за транспорт и врски го поддржа овој закон, впрочем и пратеничката група на СДСМ ќе гласа за донесување на овој закон, меѓутоа, како што веќе кажав законот не е многу лош.

Имено, до колку се прифатеа забелешките кои беа укажани тогаш дека законот многу површно се занимава со бучавата која е предизвикана од превозните средства, особено во патниот сообраќај и ако се види дека само еден член всушност ја регулира таа материја, ќе ни биде јасно дека навистина површно се пришло кон овој сериозен проблем.

Факт е дека во урбаните средини токму патните превозни средства се најголеми емитувачи на бучавата, тука сметав и сметам дека ваквиот вид на заштита требаше да биде многу подетално третиран.

Мислам дека вибрациите воопшто не се третирани во законот иако требаше, ние тоа го спомнавме особено членот 15 треба да го регулира и овој дел на работите, меѓутоа, мислам дека можеби генерално проблемот за да се разбере или да побуди интерес во јавноста ќе биде од кога ќе го донесеме. Тогаш на површина ќе произлезат сите мани или добри страни на овој закон.

Логично и нормално е, во право се, ги поддржувам сите оние пратеници кои велат дека ако влијанието на бучавата го загрозува здравјето на луѓето, тогаш во право се сите оние што велат зошто предлагач на овој закон не е Министерството за здравство, да речеме, кога бучавата, па и вибрациите се интересни, битни и многу важни само во специјални или специфични околности односно тогаш кога се нарушува стабилноста на одредени градежни конструкции, машини што е во надлежност на едно друго министерство, а тоа е Министерството за транспорт и врски. Но, се надевам дека не е тоа причината определени работи требаше да бидат поинаку третирани од ова како што се. Меѓутоа, и членовите на Комисијата за транспорт и врски одлучи да работи така како што одлучи, изостанаа амандманите од наша страна.

Имено, само би сакал да спомнам неколку члена кои се недоречени и кои мора да претрпат измени. Ако го погледнеме членот 4 и последната алинеја во која се зборува дека одредбите од овој закон не се однесуваат на бучава која се однесува како резултат на вежбовни активности во воени полиготни, тогаш треба на сите во Неготино и Криволак да кажеме дека во иднина да не се жалат на никаква бучава, дека во иднина можат слободно да се преселат на други места, значи, ова едноставно, барем законски, е нон сенс и навистина не сум сретнал ни еден закон кој вака ја регулира оваа материја. Тоа значи дека навистина локалните населби во Криволак и Неготино ќе бидат жртви во наредните децении за сето она што ќе се случува на полигоните.

Доколку земеме дека Република Македонија до година ќе биде членка на НАТО алијансата, јасно е дека тој полигон уште повеќе ќе биде експлоатиран и што ќе се случува со жителите. Или секоја вечер гледаме на телевизија што ни се

случува во Стајковци, меѓутоа, никој не е загрижен пред донесување на овој закон или зошто сето она што го бараат жителите не е регулирано денеска овде.

Ценам дека е целосно контрадикторно она што се зборува и го содржи членот 8 како извори на општа бучава, а да не зборувам за членот 40, 41 при што детално се разработуваат апаратите од домаќинството, а сите во Република Македонија знаат што се случува со кафулињата, летните дискотеки и какво искуство имаме во тој дел.

Но, еве да појдам за она што претходниот дискутант, член на Комисијата за транспорт и врски, кажа дека особено интересен е членот 38 односно 41, ќе дојдам и до 38, каде се зборува дека бучавата во животната средина предизвикана од соседството добива еден повисок третман. Јас навистина мислам многу поинаку од ова што е кажано овде и сосема спротивно на сето она што беше кажано.

Точно е во алинеја 3 стои дека градежни активности во станбени згради можат да се вршат само во текот на денот. Па, ве молам, во членот 20 вие сте рекле дека денот трае од 07,00 до 19,00 часот, значи има 12 часа. Ако знаеме дека во Прилеп, Гевгелија па и во Скопје во 19,00 часот во летниот период температурата не е под 35-36 степени, тука мора да се завршат сите активности во соседството, што е навистина нон сенс и не би требало да биде така, а вечерта која ја регулирате во член 20 вели дека трае од 19,00 до 23,00 часот, а ноќта од 23,00 до 07,00 часот и тн. Апсолутно очекував дека тоа ќе биде променето од ваша страна и ќе дадете сосема пристојно решение во тој дел, меѓутоа, како и се друго, нормално универзален одговор е тоа да се направи со подзаконски акт за кој навистина немам коментар колкав број на такви подзаконски акти треба да бидат донесени, не останува ништо друго освен да повторам дека подзаконските акти стануваат сериозна алатка на сите министерства и нормално максимално се злоупотребуваат.

Што се однесува до членот 38 каде се укажува на бучавата во животната средина предизвикана од патниот, железничкиот, воздушниот водениот сообраќај, очекував и тука да има најсериозни измени и да не биде само еден член.

Во алинеја 2 се вели дека патниот сообраќај, односно моторни возила кои имаат најмалку четири тркала и максималната брзина не надминува 25 км. на час ќе се смета како посебен извор на бучава во животна средина. Ве молам, дали знаете колкава бучава може да направи еден мотор кој има две тркала или она што го гледаме на скопските улици и ќе го гледаме во иднина мотори со три тркала каква бучава можат тие да направат. Зошто тие се изземени?

Или, земете го членот 39 каде е сосема погрешно. Агрегатите воопшто не се спомнуваат како постројки или машински постројки. Машински уред е и возилото, така што или следната алинеја, сообраќај односно авиони како посебен извор на бучава во животна средина особено ќе се сметаат сообраќај, малку е лекторски не во ред, но сите го разбираме, сообраќај односно авиони со максимална маса на полетување од 34 илјади кгр. или повеќе со максимален внатрешен сместувачки капацитет од над 19 патнички седишта, исклучувајќи ги седиштата на екипажот.

Ве молам, дали сте виделе некогаш хелихоптер како носи тенк или два. Дали знаете колкава маса е тоа и колкав екипаж може да собере. Тоа воопшто не го спомнуваме овде и мислиме дека тој не прави бучава? Зошто ги спомнуваме само авионите?

Или, во ставот 2 кој апсолутно треба веднаш да предложите амандман и да го избришете и денеска, ако е втора фаза. Велите дека поблиските видови на посебни извори на бучава ќе го определуваат четири министри. Замислете. Па, дали може да има член од законот каде некоја материја ќе ја регулираат напишано да стои дека ќе се регулира од четири министерства односно министри. Мислам дека нема потреба да го читам целиот став во кој велите дека поблиските услови на посебни извори на бучава од став 1 од овој член како и условите за заштита од бучава предизвикана од патен, железнички, воздушен и воден сообраќај ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Значи, тоа е еден министер.

Согласно со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на транспорт и врски, тоа е вториот министер.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, тоа е третиот министер и

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешните работи. Ве молам, во еден член четири министри да регулираат една материја. Мислам дека е многу добро и многу подобро сето тоа да го регулираме уште денеска кога сме пред донесување на овој закон.

Што се однесува до членот 41 за кој дискутирав на седница на Комисијата, мислам дека е добро сите градежни фирми уште од денеска ги информирате за новиот куќен ред и договорите кои ќе мора да ги прават со куќните совети. Тоа е една новина за која допрва ќе видиме дали може да функционира, меѓутоа, кога ја предвидуваме, мора да предвидиме дали во законот никаде не стои, дали е задолжително да се направи договор со куќниот совет и тоа писмен или е доволно само усмен договор кој ќе ја врши контролата до колку некој не го направи тоа онака како што ние сме го предвиделе односно е предвидено во законот.

На крај, кој ќе го состави записникот за договорот кој е направен со куќниот совет.

Ценам дека тоа се големи празнини кои мора да бидат пополнети и се надевам дека тоа може со една кратка пауза да се направи.

Мислам дека членот 15 за кој дискутираа определен број на пратеници, кој зборува за стратешкото нанесување на бучавата во животната средина, на планските документи, како што се стратешките карти за бучава и акционите планови за бучава, е мошне интересен од една причина, јас консултирав неколку општини. Значи консултирав неколку општини што ми кажаа дека ниту една општина не е консултирана. Разговарав со претставници од ЗЕЛС, тие велат ние воопштоне знаеме што се тоа плански документи, не слушнале за стратешки кари и т.н. и ценам дека е добро тоа во овој период од февруари месец до денес да биде направено, но што е тука е.

Јас имам уште многу работи да додадам кон ова, меѓутоа кога поголемиот дел на пратеници ценат дека е сосема доволно тоа и ако направиме пауза и предлагачот нависитна ги подобри овие членови, согласен сум да предложиме нешто што ќе биде општоприфатливо и многу подобро од тоа што го имаме денес.

(Со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието Иван Анастасовски).

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам.

Јас би се согласил со поголемиот дел од дискусиите што ги имаа колегите.

Мислам дека носимр исклучително значаен закон кој треба да ја регулира бучавата во животната средина и кој во нормални држави предизвикува огромни дебати затоа што се работи за секојдневното живеење и здравјето на граѓаните. Во тој правец сакам да кажам неколку работи.

Сметам дека она што е пропишано во законот, во 90% одговара на фактичката ситуација во Република Македонија и дека ќе реши многу од прашањата кои сега се актуелни и кои беа спомнати. Но она што апсолутно држи факт е дека треба овде посериозно да поразговараме околу имплементацијата односно околу начинот на кој би се имплементирал законот. Во тој правец јас би сакал малку повеќе да зборувам, како пратеник избран од петата изборна единица односно пратеник избран од Охрид. Би сакал да позборувам за она што е актуелна ситуација во Охрид односно она што е актуелна ситуација со бучавата таму, особено во летниот период и особено она што се однесвуа на угостителсктие објекти.

Сметам дека законот требаше многу повеќе и поинтензивно да ги разработи овие работи, иако се разработени на пример во член 41 каде се зборува за бучавата во животната средина предизвикана од соседството. Сметам дека многу повеќе требаше да ја дефинираме и улогата на локалната самоуправа односно општинските власти кои се надлежни за спроведување на дел од одредбите во законот. Во тој правец би сакал да ги поддржам односно да ги разработам дилемите кои се отворија кај колегата Никола Рилковски кој говореше на оваа тема. Тука апсолутно се согласувам дека постои еден значаен дел однсоно постои една значајна маса на луѓе во градот кои практично не можат нормално да функционираат во текот на летниот период од многу едноставна причина што голем дел од угостителските објекти се сместени во стариот дел на градот, како што Охриѓани милуваат да го наречат Варош.

Она што е значајно се два сегменти кои треба да се разгледаат.

Првиот сегмент е дека градот мора туристички да се развива и мора да понуди гостопримство,односно услуга на гостите кои доаѓаат, но од друга страна треба да овозможи нормални услови за живо тна луѓетокои живеат во тој дел. Во тој правец би сакал да отворам две дилеми однсоно прашања.

Првата се однесува на органите на централната власт, а тоа е дека треба многу посериозно да се размисли каков тип на угостителски објекти добиваат лиценца однсоно добиваат услови за работа, токму во овој стар дел на градот односнокако е можно објекти кои се однесуваат на чисто забавен карактер и кои во голем дел од градовите се надвор од урбаните ценри, добиваат лиценци за работа во она што се вика културно историски споменици. Така на пример има угостителски објекти на 5 до 10 метри од Катедралната црква Света Софија, има угостителски објекти кои се наоѓаат веднаш до влезот до стариот дле на градот и т.н. Така што тоа е прашање за кое сериозно треба да размисли пазарната инспекција, трудовата инспекција, кога определуваат кои објекти можат да вршат вакви услуги. Од друга страна, исто така локалната самоуправа треба да размисли зошто, да речеме, во текот на летниот период се продолжува работното време на угостителски објекти, понекогаш и за час-два, така што практично во текот на целата ноќ, како што и е дефинирано во Законот, работат тие објекти, а имате ситуација кога во еденобјект односно во една куќа имате угостителски објекти, а веднаш до него имате објект односно куќа за живеење во која живее семејство и која не може да функционира во летниот период.

Она што исто така е значајно и што треба особено локалната самоурпава да размисли, а за што има свои надлежности пропишани со овој закон, е особено членот 27 однсоно локалните мрежи на мониторинг што сметам дека интензивно треба да се воведуваат и општините треба да работат на вакво воведување, за да може на дневна основа да се следи она што се случува.

Исто така би сакал да споемнам дека треба да се види и втората страна на медалот одноно треба да се види вториот дел, а тоа е што голем број на луѓе се вработуваат токму во овие објекти, голем број сопствената егзистенција ја наоѓаат токму во овие објекти. Дел од нив живеат блиску до објектите во кои работат, така што е многу

значајно да им се даде шанса и за фер натпревар на луѓето кои работат во вакви објекти односно да се најде некој модус вивенди, што би можел да ги опфати двете категории на граѓани и да се добие добра понуда, но исто така и да можат граѓаните нормално да функционираат. Тоа се однесува за Охрид, но се однесува и за другите градови каде тоа се случува, го имате многу често во Скопје во Центарот на градо тима значаен дел на објекти наменети за забава, кои се во згради или во простор каде живее население. Во тој правец сметам дека можеби во одредбите кои се однесвуаат на казнените мерки, особено Главата 13-прекршочни санкции, членот 56, сметам дека треба да се определат и повисоки санкции. Еве вели глоба во износ од 500 евра во денарск апротиввредност ќе му се изрече, за прекршок на правно лице, до колку 1) нивото на бучава при вршење на туристичка и угостителска дејност ги надминува рамките на пропишаните гранични вредности.

Тоа значи, до колку, на пример се наруши мирот на целото соседство, одговорното лице плаќа само 500 евра и може да продолжи да функционира што е апсолутно решение за кое треба да се размисли и треба што почесто да се користи методот на затварање на ваквите објекти, односно ограничување на нивото на нивна работа.

Исто така би сакал да го спомнам делот кој е посветен на делот на бучавата предизвикана од моторни возила и бучавата предизвикана од вибрациите кои не се директно спомнати, но кои се однесвуаат на моторните возила.

Постојат урбани делови, јас повторно ќе зборувам за Охрид каде користењето на моторни возила практично се случува до самите влезови на куќите под прозорите буквално каде што завршува улицата, а започнува куќата и многу често се случува луѓето да не можат нормално да функционираат само заради одвивањето на сообраќајот. Во таа насока треба многу сериозно да размислат и локалните власти и Минситерството, за ограничување на сообраќајот и изнаоѓање на алтернативни решенија за изведување на сообраќајот, заради тоа што на ни еден начин не може вака да се регулира нивото на бучава соовој начин на вршење на сообраќај што практично повторно остава немирни, значаен дел на граѓани кои живеат во овој дел.

Исто така она што е значајно се градежните активности за кои практично и да немаме никаква регулатива, често кога се градат згради во соседството, нема никаква заштита, немате поставено никакви платна кои би ги заштителе од прашина останатите објекти, немате заштита од бучавата коај се создава и многу често во насока, повторно на она што се вика труристичка сезона, се случува во екот на туристичката сезона да се градат објекти, што целот соседство кое практично и живее од тие 2-3 месеци, да не може да прими никаков гостин и согласно на тоа да не може да опстојува во текот на годината.

На крајот би сакал да спомнам нешто што го спомна и колегата Рилковски, иако не беше упатено до мене, но заменик министерот немаше конкретен одговор, а се однесува на сцената на Долни Сарај во Охрид. Јас комуницирав со директорот на Охридско лето во чија надлежност е оваа сцена и нависитна бев загрижен за она што го кажа колегата, ќе го проверам тоа и ако навистина е така лошо, она што го добив како уверување, ќе го има и во медиумите дека нема вистина воона што се говори односно дека сцената не е дадена под концесија, законски е неможно да е под концесија. Единствено што таму се случува во моментот е уредување на сцената за да може Охридско лето нормално да функционира од 12 јули односно да можат да се изведуваат театарски и музички претстави таму.

На крај ќе завршам со тоа што би го поздравил Здружението на граѓани од Охрид кое интензивно работеше и при донесувањето на законот и даде свои забелешки и кое се бори тие луѓе што живеат во тој дел на градот да добијат нормални услови за работа. Сметам дека треба да продолжат со нивната активност. Но, исто така би побарал од локалната самоуправа многу посериозно да размисли за начинот на кој функционира градот во туристичката сезона и начинот на кој функционираат граѓаните кои постојано живеат таму, заради тоа што соовие услови и мерки што ги пропишуваат, ние имаме значаен проблем со нормалното одвивање на животот во градот. Може да се случи да треба да интервенира медицинска кола, а да нема од каде затоа што пристапите до стариот дел на градот се затвараат од угостителски објекти кои практично не само она што се вика угостителски објект окупираат и цели улици и подрачја.

На крајот ќе завршам со она што е актуелно во Скопје во моментов.

За жал многу често ни се случува паркот да не станува нефункционален, ни се случува паркот да ја губи намената за која е односно дискотеките кои се наоѓаат таму, со сето она што го имаат како активност што се одвиваат таму да ја нарушат смислата на паркот.

Би сакал да апелирам до градот Скопје и до локалната самоуправа, исто така многу сериозно да поработи на целиот случај.

На крајот ќе кажам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го подржи законот и многу интензивно ќе го следи спроведувањето односно имплементацијата на законот затоа што тоа не е само законсо европско знаменце односно не е закон што само и е потребен на Република Македонија за интегрирање во Европската унија, ова е закон штони е потребен на сите нас за нормално одвивање на нашите животи.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика пратеник Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Мене ме радува фактот што колегата Николовски правилно ја оценил оваа

проблематика, навистина се лоцирал само на градот Охрид.

Јас ве уверувам дека во другите урбани средини, особено градот Скопје, ситуацијата е далеку поалармантна. Но, вие се лоцирате само на еден сегмент на законот односно на еден дел од проблематиката што ја создава повишената бучава кај угостителски објекти.

Околу овој дел на законот, прочитајте ја Глава 6 каде преку членовите на законот е објаснето на кој начин ќе се врши управување со бучавата во животната средина, кои се надлежностите на општините.

Јас ви го псотавувам прашањето дали воизминатите години во Охрид советите на општината во сите состави, или градоначалниците на општините се зафатиле со преиспитување на главниот урбанистички план, деталните урбанистички планови, разгледување можност за дислоцирање на одредени објекти од потесното подрачје, дали ја сватиле акутноста на проблематиката каде перманентни се жалбите на граѓаните заради повишеното ниво на бучава. Значи колку во тој дел локалната самоуправа одговорила до сега. Овде ќе се решава тоа соподзаконски акт. Како подзаконскиот акт ќе ги принуди советите на општините да реагираат на оваа проблематика, останув ада видиме. Сега во овој момент во ова законско решение тоа не можеме да го видиме. Ќе видимекако ќе ве принуди законот, значи општината Охрид да реагира на оваа проблематика.

Исто така, ако веќе постои таква појава за која потенциравте, кои мерки за заштита од бучавата во животната средина се понудени со овој закон, каде се стимулативните мерки кои ќе им бидат понудени на угостителски објекти за да го спречат емитирањето на повишената бучава вооколниот простор. Значи тука во Глава 7 има мерки кои содејствуваат со времето, во кои се разграничува кога можат генераторите на бучава да бидат активни или не, а за угостителски објекти пак повторно е предвидено. Претпоставувам дека тоа ќе се решава со подзаконски акти во просторните и урбанистичките планови.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Ќе се обидам во една минута да одговорам.

Апсолутно сме на иста бранова должина, во духот на законот, со колегата.

Се согласувам со работите кои ги кажа.

По односна Глава 6 ќе ви одговорам директно дека локалната самоуправа во Охрид и во сегашниот и во претходниот состав нема направено ништо за да се реши овој проблем,однсоно многу сериозно да се размисли кој и каков тип на угостителски објекти треба да се наоѓаат во стариот дле на градо ти дали треба да се наоѓаат. Моето лично мислење е дека не треба да се наоѓаат, особено не клубови кои се користат воноќните часови за забава. Така што тука апсолутно се согласуваме и сметам дкеа ништо не е направено од локалната самоуправа, напротив постојат некои ситни интереси кои значат нарушување на ваквата состојба затоа што очигледно градоначалниците и советите го наоѓаат својот интерес, за што ние како пратеници треба да интервенираме.

И многу кратко по однос на член 41 став 2. И јас се согласувам дека наместо со подзаконски акт со законот требаше да бидат резшени овие прашања.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот по тексто на Прелдогот на законот.

Предлогот на законот го ставмана гласање.

Пред да ве повикам да гласаме, ги повикувам пратениците да влезат во слаата.

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат, бидејќи ќе пристапиме кон гласањето.

(Повеќе пратеници влегуваат во салата).

Би ги замолил уште еднаш службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата, бидејќи повеќе пратеници влегоа во салата, за да видиме дали во моментот имаме доволен број на пратеници за гласање.

Почитувани колеги, ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за заштита од бучавата во животна средина.

**Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за земјоделско земјиште**

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам потпретседателе.

Последниот закон за земјоделското земјиште е донесен во 1998 година, а изменет во 1999 и 2004 година, објавен во Службен весник број 25,18 и 2 од 2004 година. Искуствата од досегашната примена на овој закон покажаа дека е потребно одредени прашања да се дорегулираат, како што се: размената на земјоделското земјиште во државна сопственост со земјиштето во приватна сопственост, некои решенија да се променат во насока да се уреди располагањето со земјоделското земјиште, а во функција на окрупнување на обработливото земјоделско земјиште, како и да се заштити земјоделското земјиште како ограничен природен ресурс од негово неконтролирано намалување со заострување на политиката на пренамена на земјоделското земјиште.

Исто така, се предлагаат решенија за подобро и потранспарентно управување со земјоделското

земјиште во државна сопственост, односно решавање на прашањето на престанок на правото на користење на земјоделското земјиште во државна сопственост од досегашните корисници кои не го регулираа натамошниот начин на користење, согласно член 62 од досегашниот Закон за земјоделското земјиште, уредување на поблиски и јасни критериуми за давање на земјоделското земјиште во државна сопственост под закуп, со тоа што се ограничува правото на учество на огласи за доделување на земјоделското земјиште под долготраен закуп од страна на правни и физички лица кои биле основачи или одговорни лица во правно лице кое го користело земјоделското земјиште во закуп во државна сопственост под закуп, а кои не ги исполниле обврските од тој договор, се наметнува обврска за идните закупци да доставуваат годишни извештаи за начиност на користење на земјоделското земјиште во државна сопственост и исполнувањето на обврските од договорот, како и пет годишни извештаи за реализирање на понудената програма односно бизнис план од нивна страна.

Со законот се утврдува содржаната на огласот за доделување на земјоделското земјиште во државна сопстеност под закуп и начинот на неговото објавување и составот на комисијата за доделување на земјоделското земјиште. Земјиштето во државна сопственост во кое заради транспарентност на постпката задолжително е присуството на претставник на здруженијата на зајмоделците, понатаму, се зголемува правната сигурност на закупците со нудење можност за пренос на корисничкото право на правните следбеници на закупецот, односно на следници, можност за продолжување на договорот на закуп на земјоделското земјиште во државна сопственост по барање на закупецот, а доколку закупецот во целина ја исполнил обврската од договорот се регулира користењето на земјоделското земјиште во државна сопственост со правните и физички лица кои се стекнале со сопственост на долгогодишен насад.

Заради водење на ефикасна заедничка политка и управување со земјоделското земјиште, се наметнува обврска на министерот за земјоделство, шумарство и водостопансвто да востанови и води заеднички регистар. Исто така, се заострува казнената политика за непочитување на законот и се усогласува во новиот Закон за прекршоци.

Имајќи ги предвид бројните нови решенија во овој закон, а со цел да се подобри користењето, располагањето, заштитата и пренамената на земјоделското земјиште сосема е оправдана потребата на негово донесување. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван министер.

Очигледно има голем интерес за дебата.

Прв од пријавените за збор е пратеник господин Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, почитуван министре,

Предлог-законот за земјоделското земјиште очигледно е доста важен. Иако е во прва фаза според тоа што гледам дека има многу колеги пратеници заинтересирани за дискусија, што е добро. Уште на почетокот би сакал да кажам дека за земјоделското земјиште неколку години наназад општините борба водат за добивање одредени ингеренции на ова земјиште. Оваа борба се водеше преку ЗЕЛС, но и во некои претходни години сега ЗЕЛС не издејствува односно не овозможи добивање на доделување на ова земјиште на општините.

По овој Предлог-закон се гледа дека фактички ова земјиште е како државно и како приватно, а најголемите реакции доаѓаат од градоначалниците од сите општини без разлика дали се градоначалници од позицијата или од опозицијата, сите преку нивната институција ЗЕЛС се броеа за да дојдат до она земјиште кое им припаѓа, односно кое е во нивните атари, но како што реков до негово добивање и менаџирање од страна на градоначалниците односно општината не дојде, односно не го добија замјиштето за кое повеќе години се во преговори со Владата на Република Македонија.

Знам дека тешко може државата да се откаже од ова земјиште, бидејќи остапувањето на земјиштето ќе придонесе за одредено прелевање на средствата од државно на општинско ниво. Би сакал да го кажам мислењето односно револтот на општинарите дека во Пределог-законот никаде не се спомнати, освен во неколку точки во кои се вели дека Советите на општините треба да утврврдат пазарна цена на земјиштето кое треба да се даде под закуп или да се пренамени во градежно земјиште или да се даде на плодоуживање.

Со овој Предлог закон се уредува користењето, располагањето, заштитата и пренамената на земјоделското земјиште. Пред неколку дена на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство го разгледавме овој закон и дадовме целосна подршка. Законот е во прва фаза и во дискусиите на пратениците, бидејќи гледам дека има голем интерес, се надевам дека ќе има различни мислења и сугестии до министерот, па да се надеваме дека во втората фаза на законот ќе има некои промени, односно барем дел од сугестиите и забелешките кои сега ќе ги искажеме како пратеници, министерот ќе ги има предвид и ќе бидат опфатени во втората фаза.

Јас нема да одам член по член, а ќе почнам со членот 15. Истото го дискутирав и на Комисијата, а станува збор за размена на земјиштето. И тогаш на министерот му кажав дека треба да се води евиденција околу оваа размена односно околу окрупнувањето на заемјиштето, од причини што во минатиот период, а тоа се однесува на некои случаи пред 1990 година кога Македонија беше како Република во Југославија, во тие времиња имаше многу голема злоупотреба на земјиштето,

окрупнување, размена на зејмиштето, од причина што доаѓаше до размена на земјиште од различна класа. Имено, добиваа земјиште од прва класа, а даваа земјиште од трета класа одредени физичи или правни лица. Во членот 15 треба да се води сметка, кога се вели дека размена може да се врши само кога парцелите во приватна сопственост кои се предмет на размена граничат со парцелите на државна сопственост. Треба да се обрне внимание на тоа и да не дојде до пофторување, бидејќи и денес има сопственици кои пред 1990 година имаат разменето земјиште. Јас познавам неколку лично од струмичкиот регион кои имаат разменето земјиште со тогашниот ЗИК “Струмица”, неплодна земја со плодна земја и до ден денес ги работат овие парцели. Тука е мојата забелешка околу водењето евиденција барем оваа размена да биде од иста класа на квалитет на земјата.

Пред малку зборував за општините дека никаде ги нема, освен кога треба нешто да помогнат или да утврдат некоја цена. Еве, и во овој член е спомнато дека вредноста на земјиштето што е предмет на размена ја утврдува Советот на општината.

На седницата на Комисијата зборувавме доста и дискусијата најмногу се водеше за член 17, каде што се уредува давањето под закуп земјиште. Јас тоа ќе го прочитам и малку ќе подискутирам околу овој член. Значи, се зборува за подигање на долгогодишни насади - период 30 години, подигање на маслинарници за перод од 50 години, одгледување на други земјоделски култури за перод од 15 години, ливади за период од 15 години, рибници 20 години и спортско рекреативни активности и рурален туризам по 30 години. Тука имавме дискусија и со министерот и со директорот во секторот за земјоделство, овде не се земени предвид пластениците. Како пратеник ги слушнав причините изнесени од министерот зошто пластениците не се земени предвид во членот 17 во кој се уредува давање под закоуп од 15 до 50 години. Миинстерот можеби повторно овде ќе ги објасни причините, но ќе го кажам мојот став дека не се согласувам со тогашното образложение и директорот од причини што од пластениците беше објаснето дека се објекти од цврст материјал, огради околу објектите итн, и од тие причини вака се предалга, а министерот ќе ме поправи ако не го реков тоа баш соодветно. Сепак би кажал дека сите ние што доаѓаме од струмичкиот, гевгелискиот и дел од радовишкиот регион сметаме дека нема препрека пластениците да не бидат ставени во оваа категорија, односно во овој член 17, за да може да се користи земјиште под закуп за пластеници, од причини што овде се дава под закуп на пример до 50 години, 30 години, 15 години итн.

Мое мислење е, а сигурно ќе ме подржат некои колеги и од опозицијата и од позицијата дека пласетниците не се некои објекти кои не ги исполнуваат овие услови, односно може и до 10 - 15 години да се дадат, а до 50 години е многу, освен ако не се некои пластеници од типот на стаклени пластеници. Се друго може да влезе во овој член 17, за да можат овие луѓе кои имаат земјоделско земјиште под закуп да користат пластеници или како што ние ги викаме во струмичкиот регион, фолии.

Понатаму би продолжил со членот 20. Имено, министерот донесува одлука за распишување на јавен оглас за давање под закуп на земјоделското земјиште во државна сопственост. Постапката за давање на земјоделското земјиште во државна сопственост под закуп ја спроведува Комисија од пет члена, формирана од министерот, во која има најмалку еден претставник од Здружението од областа на земјоделието. Не знам колку тоа е изводливо, но мое размислување и моја сугестија до министерот е да се земе предвид во оваа Комисијат од пет члена барем да влезе и еден член од општината за која се однесува закупот. Ако се однесува на Струмица, да има член од струмичкиот регион, ако се однесува за Гевгелија од тој регион, тоа да биде член кој ќе ротира зависно од тоа за кој регион се однесува земјиштето.

Во членот 22, ако не се лажам и  порано стоеше 10% од просечниот принос на пченицата, сега е земено предвид истото, истата почетна цена и тука немам забелешки, освен да нема некои манипулации при конкурирањето, односно давањето на својата понуда, ако е дадена поголема понуда, а за Комисијата за која пред малку зборував, ако не биде изманипулиран поединец-земјоделец односно луѓето кои ги даваат своите понуди.

Исто така, би сакал да кажам нешто околу потребната документација за добивање на закупот. Почитуван миистре, ние многу пати сме дискутирале, вие сте министер со кој најмногу сум во контакт бидејќи сум член на таа Комисија и знам дека многу закони кои ги донесуваме се за усогласување со законодавството на Европската унија, но многу пати кажувам дека има проблеми кај нас во Македонија, особено во земјоделието, оние кои зборуваат за друга дејност и тие исто така користат некои работи, односно нешто, некои членови, ставови, закони што во моментот тешко се спроведливи.

Она што можеби и нема шанси, без разлика дали законот го донесуваме и без разлика за кој закон, значи, нема шанси барем во скоро време да се спроведе, во ред. Но еве овде имаме на пример за ова земјиште под закуп, мислам дека може брзо да профункционира, но имаме пробелми на теренот околу регистрацијата на земјоделците. За тоа сакам да кажам, ако не се лажам, министерот ќе ме исправи, тоа е членот 24 став под б, 1, 2, 3 и 4. Решение за регистриран вршител на земјоделска дејност и доказ од Централниот регистар за регистриран трговец поединец. Тоа сите го знаеме, не е тајна дека сите грантови, сите средства кои што земјоделците треба да ги користат е да биде еден од условите регистриран земјоделец.

Пред неколку денови имавме во весниците и на телевизија дека многу бавно оди регистрацијата на земјоделците, дека од тие причини, има многу мал број на земјоделци. Минатата година околу 3 илјади земјоделци за добивање на субвенции по одредени основи во сферата на земјоделието, а оваа година мислам дека по весници имаше околу 1200. Тоа е се од причина што нашиот земјоделец во Македонија тешко да се одлучи да се регистрира како трговец поединец, ззсемјоделец, од причини што тој е во многу незавидна ситуација и од причини што треба да даде пари, односно да се осигури, на пример, 4 до 5 илјади денари за еден земјоделец со двајца најмалку вработени, така што некој праве земјоделец тешко да се одлучи на овој чекор и јас верувам дека пред половина час разговарав со еден мој колега од позицијата и  мое мислење е дека добар дел од овие средства, од овие грантови кои доаѓаат од Европската унија, за кои што на Собранието пред неколку дена донесовме Закон за Агенција за земјоделие и овде мое мислење и сум сигурен дека ќе биде така со 50% дека овие средства ги земаат повторно луѓето кои што не се земјоделци, а имаат пари. Бидејќи тие ќе имаат услови и можности и финансиски можности да се регистрираат, имаат парични средства да пријават двајца, тројца вработени и мислам дека еден добар дел од овие неземјоделци, а финансиски моќни луѓе ќе успеат да ги искористат овие средства кои што ги очекуваме да ги добиеме од Европската унија.

Понатаму, би сакал да кажам нешто околу член 37 закуп со непосредна спогодба. Земоделското земјиште во државна сопственост може да се даде под закуп со непосредна спогодба од страна на министерот, во претходна согласност од Владата на Република Македонија, во случај кога на закупеното земјоделско земјиште има подигнато долгогодишен насад, а закупецот по било кој правен основ располага со насадот.

Значи, мое мислење е и не се согласувам со тоа затоа што сум присталица и тоа земјиште, иако има долгогодишен насад повторно се даде под закуп со јавна лицитација.

Значи, можно е, државата да дојде до поголеми финансиски средства, ако повторно биде најавено оглас, а ако биде со непосредна спогодба, мислам дека никој нема да изгуби, само ќе изгуби државата, а ќе добие тој што го зема земјиштето под закуп со непосредна спогодба со Министерството, односно со претходна согласност на Владата на Република Македонија.

Нешто слично е и членот 38. По истекот на времетраењето на склучениот договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост по барање на закупецот. Значи тука се однесува само за продолжување на закупот, ист закупец со непсоредна спогодба во договор со Владата на Република Македонија  го продолжи својот закуп, за одредено време, дали е 10 или 15 години, не е важно. Овде сум присталица овде исто така да оди на јавна лицитација, бидејќи државата ќе добие повеќе, сигурно поголема цена, отколку да се оди на непосредна спогодба, бидејќи кога ќе се јават двајца или тројца, секако дека цената ќе се подигне отколку со непосредна спогодба.

Нешто би кажал кратко за заштита на зе земјоделското земјиште. Тука има неколку алинеи во членот 41, како треба да се заштити земјоделското земјиште, како треба да се контролира, кој треба да го контролира, го има тоа подоцна во некои други членови. Еве една од причините за која што зборував на почетокот за еден дел од земјиштето кое треба да се отстапи на оној кој што го бара.

Мислам дека да беше самите општини да располагаат со тоа земјиште, многу полесно ќе ги контролира механизмите, односно ќе се контролираше тоа што бара овој член 41. Значи, една од причините за кој што зборував општините да добијат ингеренции на земјиштето е и околу водењето контрола за откупување на земјоделското земјиште.

Во член 50, временска пренамена. Тука имам една забелешка исто околу поставувањето објекти од времен карактер до 30 м2 кои служат за засолнување, чување алат и земјоделска опрема и за времено сместување на земјоделски, тоа е во ред, но овде ми е забележано, после во казнените мерки, ќе спомнам и за тоа, за казнените мерки кои се однесуваат и за правно и за физичко лице.

Во членот 52 нешто се надоврзува со општина, со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Совет на општина и т.н. Овде се однесува за надоместокот, пазарната цена, висината на надоместокот. Еве во членот 52, најмногу овде би сакал да кажам нешто, каде што се бара, или Советот на општината има одредени ингеренции, но ингеренции кои што се само за утврдување на пазарната цена на земјоделското земјиште.

Во став 2 вели: надоместокот од став 1, се плаќа во висина на пазарна цена на земјоделско земјиште на местото каде тоа се наоѓа, за три пати зголемено. Тоа е во ред.

Во став 4, пазарната цена на земјоделското земјиште ја утврдува Советот на општината. Тука веќе општината има ингиренции, но само во утврдување на пазарната цена на земјоделското земјиште.

Понатаму вели висината на надоместокот од став 2, ја утврдува министерот.

Јас мислам дека тоа е исто така мое мислење и размислување дека кога веќе надоместокот се утврдува спрема пазарната цена за три пати зголемена, а пазарната цена ја утврдува Советот, не гледам потреба овде висината на надоместокот од став 2 на овој член да го утврдува министерот. Можеби Советот ја утврдил пазарната цена три пати зголемена и тука треба овој документ со кој се утврдува висината на цената да го потпише министерот и тоа да биде последна цена, односно највисока цена, или да кажам, цена која е веќе постигната за земјиштето

кое е во одредена општина, или на одредена парцела.

Можеби министерот ќе каже и многу колеги пратеници, јас секогаш кога зборувам, зборувам за општините, во корист на општините.

Следниот член, всушност, е во ист член. Вели, средствата од надоместокот за трајна пренамена на земјоделското земјиште се приход на Буџетот на Република Македонија.

Значи, овде општината учествува со утврдување на пазарни цени на земјоделското земјиште, а на крајот сите средства, односно приходот од овие средства за трајна пренамена доаѓаат во Буџетот на Република Македонија и оваа е прва фаза, почитуван министре, но кога ќе биде во втора фаза, верувам дека ќе имам подршка од поголем број на пратеници и ќе бараме 1%, не е битно дали ќе биде 2, 3, 5% од средствата кои се добиваат за трајна пренамена, да останат во самата општина, односно за земјиштето кое што му припаѓа на општината. Но за тоа, кога ќе дојде втора фаза. Јас сигурно Ќе поднесам амандман за 1% од овие средства да останат во општината. Можеби ќе бидат 2, можеби 5% не знам ќе бидам во консултација со градоначалници на општините, но сепак ќе има такво барање од страна на неколку пратеници.

И на крајот, околу прекршочните одредби. Ние донесовме многу закони, многу прекршочни одредби. Знам дека се високи во сите сфери, дали се работи за економија, дали се работи за туризмот, во индустријата и т.н. и во земјоделието имаме донесено казнени одредби. Овие казнени одредби се доста големи, штојас, најискрено ќе ви кажам, за правните лица не можам да кажам, но еден земјоделец тешко да може да одели толку високи парични средства за одредени прекршоци во сферата на земјоделието. Еве така чисто да нафрлам еден пример. Вели, за загадување на земјоделско земјиште со штетни материии за правни лица од 3 до 5 илјади евра, а за физички лица мислам дека беше помала сумата. Не верувам во тоа, бидејки подобро луѓето, односно земјоделците би отишле еден ден во затвор да заштедат илјада денари и ако треба ќе одлежат 30-40 дена, но овие средства, тешко да ги уплатат, ако се врши загадување. Има тука повеќе, но јас сакам да кажам за ставот 2. Загадување на земјоделско земјиште со штетни материи и т.н. Овие контроли, мислам дека треба да ги врши инспекторот однсоно државниот инспектор по земјоделие, а државниот инспектор по земјоделие, не знам колкава е оваа екипа, колку ќе може да стигне на терен, или во Струмица, или во Гевгелија, или во Свети Николе и т.н. Тоа го кажувамод искуство на ниво на една општина, каде што еден инспектор, санитарен инспектор. Меѓутоа тој не може да си ја изврши својата должност во 5, 6 населени места, секогаш не може да стигне и секогаш граѓаните не се задоволни. Но јас во моето излагање кажав дека јас сум свесен дека ова се закони кои што треба да ги донесеме за приклучок кон Европската унија. Знам дека многу членови, многу потставки, подакти, тешко се применливи во Република Македонија,но за доброто на Република Македонија мораме да ги донесеме. Така работеле и оние земји кои се веќе во Европската унија, и оние коиимаат датум за влегување во Европската унија и ете и ние ги донесуваме и овие закони кои што треба да ни значат побрзо интегрирање во Европската унија.

И моето крајно кажување и со тоа ќе завршам е околу членот 61. Значи остварување на правото на понатамошно користење на земјиштето.

Овде е кажано дека му престанув аправото на користење на земјоделско земјиште на оние кои што го немаат регулирано по членот 62 и т.н. “Службен весник на Република Македонија”. Тоа е во ред, меѓутоа, мене ме интересира нешто друго. Нормално, ако некој го нема регулирано тоа за купување на земјиштето, дека нема понатаму да му се додели.

Мене ме интересира господине министре што со оние што 15 години, или 20, пред 1990 година, кои што имаат земјиште и тоа земјиште за размена, кое што до ден денес не е во нивна сопственост. Имаат земено поквалитетна земја, а имаат дадено неквалитетна и немаат платено. Можеби само првата година имаат платено закупнина и после првата година немаат ни денар дадено. Дали и овие влегуваат овде, дали е земено предвид имаат платено или немаат платено, или се однесува, без разлика дали плаќале, или не плаќале, само ако го имаат тоа регулирано и тие понатаму ќе можат да го користат земјиштето.

Благодарам, што бевте стрпливи да ме слушате.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика има пратеник Дамевски Панче, повелете.

**Панче Дамевски:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер.

Би му реплицирал на колегата Ацо Киров во два сегмента од неговото излагање.

Малку цинично е сега да се бара давање поголеми ингиренции на општините во однос на државното земјоделско земјиште, кога изминатиот период, додека беа на власт, ниту еднаш, со ниту еден акт, со ниту еден збор не побараа државното земјоделско земјиште да се даде на општините. Затоа, мислам дека не е во ред сега да се користи за некои ефтени политички поени.

Од друга страна, што се однесува до оранжериите,нека го прочита членот 50 каде што имаме времена пренамена. Ќе го цитирам тој член: “За временеа пренамена на земјоделското земјиште по член 47 на овој закон, може да се врши во случај на, и третиот став, поставување објекти за примарно земјоделско производство во заштитен простор од монтажно демонтажен карактер”.

Значи, со овој став е регулирано поставувањето и уредувањето на оранжериите. Да не внесуваме забуна кај граѓаните, пред се кај земјоделците кои се занимаваат со оранжериско производство. Тоа значи дека поставувањето на оранжерии е регулирано со овој закон. Тоа е во членот 50 став

3, каде што, уште еднаш кажувам, е дозволено поставување објекти за примарно земјоделсно производство во заштите простор од монтажно-демонтажен карактер. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Киров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван колега Дамески,

Не сум лицемерен и со моето кажување дека треба, јас само зборував, размислував и сум дека има грешка и пред тоа, затоа што земјоделското земјиште не е отстапено на општините.

Кажав неколку години наназад, не кажав една година. И, не му ставивме нож на министерот да мора да го даде земјиштето, или на Владата. Значи, немојте да се нервирате тука.

А, околу членот 50 ставот 3, поставување на објекти за примарно земјоделско производство во затворен простор во монтажен-демонтажен карактер, вие бевте отсутен, мислам дека бевте отсутен од Комисијата за земјоделие. Дискутиравме околу тоа. Мислам дека колегата Влатко Серафимов повеќе дискутираше околу тоа. Затоа, кога зборував овде баш за тој член 50, му кажав на министерот нека ме исправи ако сум грешка. Знам дека нешто се зборуваше, но повеќе дискусијата беше потивка, помеѓу министерот, директорот и Влатко. Мислам дека има проблем, еве, нека објасни министерот.

**Иван Анастасовски:** Благодарам,

Продолжуваме со расправа.

Има збор министрот Ацо Спасеноски, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Да, на Комисијата го разгледавме овој проблем, со тоа што ако е пластеник тогаш нема никаков проблем за монтирање. Тоа е едно.

Второ, тоа што го спомна исто во членот 17, за закуп, пластениците, подигање на пластеници е влезено во одгледување на други земјоделски култури за период до 15 години. Она што го спомнавме, во вашата дискусија беше дека периодот од 30 години, од 15, од 20, тоа е период што го определуваат максималниот верменски период на колку може да се користи земјиштето. А, на колку може да се користи тоа земјиште, тоа ќе зависи од бизнис планот и од бизнис идеата на самиот ампликант кој фактички конкурира за тоа земјиште.

Прво мора да се направи јасна разлика меѓу пластеници или времени објекти од монтажен и демонтажен карактер, тие се уредени, како што кажа пратеникот Панче, на Комисијата за економски систем разговаравме за проблематиката за подигање трајни насади, трајни оранжерии, стаклени оранжерии. Да се подигне оранжерија, стаклена, таа мора да се анкерира. За да се анкерира, земјоделското земјиште мора да се пренамени од земјоделско во градежно неизградено земјиште, затоа што фактички дел од тоа земјиште ќе се искористи, прво за анкерирање, второ за помошните објекти што мора да се изградат за да се користи таа оранжерија. Поради тоа треба да се побара согласност да се добие пренамена на тоа земјиште од земјоделско во градежно. Само во тој случај треба да се добијат тие документи.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Имате право на реплика бидејќи министерот зема збор.

Три минути реплика патеник господин Киров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Министерот добро што објасни, ова е малку реплика на министерот, малку на Панче Дамески. Кажав дека за стаклениците има проблем по овој член. Мислам дека министр ќе се согласите, на Комисијата за земјоделие околу пластениците имаше некое двоумење, некои нејаснотии. Сепак денеска излеговте со чист став и кажавте дека тоа е така. Тоа е добро. Тоа го прифаќам, но на Комисијата за земјоделие кога дискутиравте со Влатко имаше некое двоумење меѓу директорот и вас за дообјаснување на ова. Но, во ред е.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжваме со расправа.

Има збор пратеник госпоѓа Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам господине потпретседателе.

Би сакала и јас накратко да се вклучам во дискусијата во врска со Предлогот за донесување на законот за земјоделско земјиште. Добро е што овој закон оди во две фази. Ова е првата фаза. Добро е сите ние, како пратеници да го дадеме своето мислење во врска со овој закон.

Зошто сметам дека овој закон има посебна важност за земјоделците и посебна важност придавам во врска со земјоделската политика на Република Македонија.

Прво, потребата од дорегулирање на одредени прашања, секако е од интерес на самите земјоделци, корисниците на земјоделското земјиште во државна сопственост, бидејќи со овој закон сметам дека ќе придонесеме да се спречи понатамошното уситнување на земјоделските парцели. Потоа ќе придонесеме за заштита на земјоделското земјиште, до спречување на загадување и заразување, а се со цел, пред се да го заштитиме здравјето на граѓаните, потоа секако и животните и растенијата.

Овој закон, како што гледаме, има 8 поглавја. За мене лично ако економист едно од најважните поглавја е 3-то и последното поглавје.

За третото поглавје сакам да кажам неколку зборови како свој придонес, бидејќи тука се регулра располагањето со земјоделското земјиште, регулација на начинот на давање на ова земјоделско земјиште, критериумите под кои услови се дава земјоделското земјиште, определување на почетната цена, поднесување пред се бизнис план и особено што сметам дека е

доста значајно, тоа е задолжително давање на извештај по бизнис план до Министерството, со таксативно набројување во кои случаи може да се раскине договорот, кога тоа претставува престанување на важноста на договорот. А, особено е значајно регулурањето на давање на земјоделското земјиште на плодоуживање на одредени категории на социјално необезбедени лица.

Тоа што посебно како економист ми прави впечаток и е енда од најважните точки по која што сите треба да дискутираме, тоа е важноста дали земјоделците во овој момент ќе се определат да земат под закуп земјиште и во која големина ќе го земат тоа земјиште. Ова особено од фактот затоа што влегувањето во Европската унија и почитувањето на нормите и директивите на Европската унија, земјоделците навистина ќе бидат ставени во една положба што ќе мораат да ги имаат максимално потребните информации колку земјиште им е потребно за одгледување на одредена култура. тоа значи дека многу брзо треба да се определат дали истите ќе одгледуваат култури за преживување или ќе одгледуваат култиру за натамошна употреба на пазарот.

Внимателно ја слушав дискусијата на колегата Киров и мислам дека во поглед на давањето на земјоделското земјиште треба да имаме единствена земјоделска политика на нив на држава. Ова, особено од фактот што секако дека на државата и е од стратешки интерс што ќе се произведува и кои култури ќе се одгледуваат во наредниот период.

Доколу земјиштето се даде, правото на давање, на локалните власти, мислам дека ќе се изгуби важноста, стратешкиот интерес на државата, бидејќи едно определно подрачје има интерес да одгледува една определена култура или култура која што најмногу вирее на тоа земјиште.

Меѓутоа, за особено важен стратешки интерес, на зејмата да се одгледуваат различни култури што секако во планиран перод од страна на државата, ќе се одгледуваат и други култури. Затоа е од особено значење земјишната плитика да остане во рамките на државата.

Ова го сметам за важно и поради микро-климатските прилики што владеат на територијата на Република Македонија.

Важноста на законот ја гледам и од интересот на колегите за колку години ќе се даде определено земјиште под закуп. Ова, оснобено, затоа што во Европа постојат веќе определени норми за определени култури за колку долг временски период можат тие да се издаваат под закуп. Секако, преовладуваат различни мислења. Дали овие рокови што се дадени по должина се добри или не. Меѓутоа, заради развивање на земјоделското производство особено да прерасне во една гранка што ќе биде во интерес на земјоделците, како произведители меѓутоа, по важност и не помалк важни од производителите во индустријата или останатите гранки, секако дека треба на време да бидат информирани за сите можности и услови под кои земјиштето може да се даде.

До сега имаше шареноликост во давањето на земјиштето под закуп. Многу нејаснотии во поглед на критериумите под кои се даваше земјиштето. Сведоци сме на давање земјиште во последните моменти, после предавањето на власта и одредени договори што мораа да бидат раскинати.

Од особена важност е, јас целосно го гледам законот, на транспарентен начин со определени критериуми, сите земјоделци кои се заинтересирани да добијат земјиште, да имаат еднаков третма, еднакви услови. Во овој Предлог мислам дека е добро решено. Критериумите се сега потранспарентни. Секој земјоделец кој навистина ќе сака да се бари со производство до Министерството за земјоделство ќе мора да достави бизнис план. Тоа ќе значи дека многу сериозно ќе треба да се определи за производство на определена култура.

Извештајот што ќе го дава на крајот на годината, ќе го обврзува да даде отчет за што се го користел земјиштето.

Секако дека има право колегата Ацо Киров кога кажува дека има аномалии и во поглед на доделување на земјиштето уште во 1990 година. И сега има аномалии. Посебно последниве години кога се даваше земјиштето на оние кои не се бават со земјоделие, па тие го рентираа земјиштето. Не доаѓаше во прави раце, па земјоделците со право се чувствуваа измамени или несигурни. Со транспарентен начин на доделување на земјиштето, што се регулира во поглавјето три, ми се чини дека се доближуваме до еден пообјективен критериум за доделување на ова земјиште. Секако дека не можеме да ги отстраниме сите погрешни чекори што ќе бидат превземени при доделување на земјиштето. Но, мора да се трудиме да ги сведеме на минимум. Мора да дадеме сигурност на земјоделците кои, кога ќе добијат на користење земјиште, дека тие, со совесно работење, сега не сакам да навлегувам во членовите каде задолжително треба да се грижат за квалитетот на земјиштето, за обогатување на земјиштето, совесно и домаќински. Сите тие категории во определените членови даваат за право дека оваа земјоделска политика ќе биде приближена на земјоделците. Со Предлогот на закон ми се чини дека ќе успееме на земјоделците да им дадем мотив повеќе да се приближат и кон она што се бара од Европската унија. Значи, сите треба да бидат подготвени и оваа политика на еден транспарентен начин да ја приближиме до нив.

Сите оние кои не се занимаваа со земјоделство треба да разберат дека е минато времето на рентирање на земјиште на државна сопоственост и дека може да го користата онака како што сакаат, слободно, без интерес на државата. Тоа е пред се, еден од главните мотиви што треба да биде за сите кои сакаат да се бават со

земјоделска политика, да го контролираат давањето на земјиштето под закуп.

Во останатите поглавја има како да се контролира давање на земјиште под закуп, квалитетно користење на земјиштето под закуп, а се со цел земјоделците да го добијат местото што им припаѓа во државата.

Има уште многу причини што можат да доведат до поширока дискусија во врска со овој закон. Но, оставам можност и останатите колеги да дадат свој придонес. Ова беа неколку точки што ми се чини дека беа вредни за дискусија, иако не сум од областа на земјоделието. Мојата професија е економист. Но, ние треба да настојуваме сите професии подеднакво да придонесеме овој закон да го приближиме до зејмоделците и да дадеме кавалитетна информација во наредните години да ги подготвиме луѓето што побезболно да пријдат кон оваа, особено важна професија, што треба да биде двигател на нашата држава. Затоа давам свој придонес и афирмација кон овој Предлог-закон. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник господине Киров Ацо, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Почитувана колешке,

Една добронамерна реплика. Вие рековте дека стратешкиот интерес е земјоделската политика и дека е добро земјиштето да остане под државна капа, бидејќи ќе има подобро планирање за каде, под кое поднебје, во која општина што би требало да се посади. Па, спомнавте бизнис план што треба да го приложат, па извештајот за остварување на палнираното, односно она што го бара. Се согласувам со вас.

Но, повторно, да не излезе пак популистички некој да ме нарече популист, дека собирам поени, но сепак мислам дека е добро земјоделското земјиште што многу години е под државна капа, мое мислење е како што сакаме сите ингеренции да се префрлат што побрзо на општините, што побрзо да се заврши фазата на децентрализација во било која област, мое мислење е кога земјиштето би го добила општината, мислам дека и тие домаќински би работеле, градоначалникот и оние во општините, домаќински ќе се однесуваат. Сето она што се бара со Предлогот на законот, заштита на земјоделито, бизнс план, нека биде пак, но да ги има тие обврски и да биде под општината. Мое мислење е дека тие ќе се грижат.

Колешке, мислам дека и јас и вие знаеме како стои работата. Знаеме дека тешко централната влас се откажува од ова земјиште. И вие сте економист и јас сум економист, знаеме во што е работата. Затоа што има средства, има луѓе кои во централната власт во државата кои се во овој сектор, но со еден збор кажано државата не се откажува така лесно затоа што и финансиски, од финансиски причини, вработувањето, што е што добар дел од луѓето ги вработуваат оние работи што треба да се извршат долу во општината.

Тоа е јасно, но така било и така ќе остане. Можеби во некои други времиња ќе се одлучи државата да отстапи од овие земјишта, барем оние што се околу општината што може да ги користат за градежни парцели или за некои објекти.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеник госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиш:** Благодарам потпретседателе.

Еве неколку причини зошто сметам дека земјоделската политика треба да остане во рамките на државата.

Прво, реков затоа што настапува нова ера со приклучувањето, со надежите дека ќе се приклучиме брзо кон Европската унија, престанува хаотичното производство на земјоделски култури. Тоа значи државата мора да води и стратешки интерес е кои култури ќе се произведуваат во Република Македонија. Вишокот на земјоделски култури кои се произведуваат и кои треба земјоделците да ги фрлат, кажете, на  кој начин ќе го спречиме тоа. Значине може така, на локално ниво нема можност на согледување на спонтаното производство на храна. Значи во прашање е производство на храна.

Второ, општините немаат инспекции, државната инспекција е под капа на државата. Како вие ќе го регулирате тоа? Мислам дека со воведување на локално ниво ќе се доведе во една хаотична ситуација ова. Понатаму, во Ресен се произведуваат јаболка, тутун во Прилеп, ориз во Кочани, кој ќе ја води грижата ...

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Имаме уште 7 минути до крајот.

Дали ви се доволни госпоѓа Јаготка Ивановска 7 минути? (Да)

Повелете, има збор пратеникот Ивановска Јаготка.

**Јаготка Ивановска:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министер, почитувани колеги,

Бидејки доаѓам од чисто земјоделски регион Овчеполието, накратко ќе се осврнам на Предлогот за донесување  на закон за земјоделстото земјиште, се со една единствена цел, да укажам на позитивните решенија што ги нуди текстот на Предлогот на законот за надминување на одредени пробелми кои се појавија во земјишната политика. Имено, ние мештаните на Овчеполието сме сведоци на хаосот во земјоделието што го направи претходната власт. Очевидци сме на многу нетранспарентни огласи, на незаконити договори и за сметка за сето тоа, за жал, во Овчеполието сеуште царува таканаречената зелена мафија. Наспроти нив, имаме огромен број на револтирани земјоделци, напуштени земјоделски работници од поранешните агрокомбинати и тие

се оставени без егзистенција, а со години кубурат по земјиште под закуп или плодоуживање.

Токму во текстот на овој Предлог за донесување на закон за земјоделското земјиште јас гледам усогласувања на одредени прашања од земјишната политика со реалните потреби на земјоделците и корисниците на државно земјоделско земјиште под закуп и гледам поголема правна сигурност на корисниците на земјоделското земјиште.

Не би сакала да ги образложувам сите одредби од овој Предлог, но накратко ќе се осврнам на предностите што ги нуди текстот на законот. Со Предлогот за донесување на законот за земјоделското земјиште ние гледаме допрецизирање на одредени одредби од управувањето и користењето на државното земјоделско земјиште. За пофалба се новините за воведување на земјишен регистар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, потоа размената на државно земјоделско земјиште која овозможува окрупнување на земјоделските парцели и прометот и користењето на државно земјоделстко земјиште, Тука користењето на земјоделското земјиште се дава под закуп и на плодоуживање. Под закуп земјоделското земјиште се дава со огласи кои се доста транспарентни, се склучуваат договори под закуп кои се прецизирани со одредени одредби и точно се наведени критериумите кога може да се раскине еден договор или кога престанува важноста на еден договор.

Ќе се осврнам на плодоуживањето што е проект кој што минатата власт со години не можеше да го изврши во Овчеполието, а беа заинтересирани повеќе од 1000 земјоделски семејства. Благодарение на новата земјишна политика, благодарение на новата власт, во Овчеполието особено во Свети Николе се склучени 440 договори за плодоуживање и 440 земјоделски семејства дојдоа до своја егзистенција. Посебно за пофалба е новината во законот кој се нуди за програмата на Владата што ќе ја утврди Владата за критериумите под кои можат да дојдат луѓето што се социјално необезбедени со земјоделско земјиште.

Инаку, за пофалба е и наплатата на закупнината која треба да се наплатува на крајот од годината, а тоа е 31 јануари, тоа е веќе новина, бидејќи во претходните законски регулативи тоа беше на 30 мај и тогаш земјоделците не беа во можност да ја платат закупнината и затоа наплатата на закупнината беше на многу ниско ниво.

Исто така, новина во овој Предлог за донесвуање на закон е и зајакнувањето на инспекциските надзор. Инспекцискиот надзор го вршат државните земјоделски инспектори и за жал до сега тој надзор беше на многу ниско ниво, па од тие причини, дел од овие договори сеуште не се раскинати, иако е поведена постапка.

За пофалба е и заострувањето на казнената политика, односно зголемувањето на глобите во однсо на прекршувањето наодредбите во врска со користењето и управувањето со земјоделското земјиште, како и со ненадоместувањето на штетата за пренамена на земјоделието.

Посебен интерес за нас во Овчеполието е престанувањето на правото на користење на земјоделско земјиште на оние корисници на државно земјоделско земјиште кои што се правни наследници од поранешните општествени агрокомбинати и кои тој статус на користење го немаат регулирано по член 62 од Законот за земјоделско земјиште од 1998 година. Фактот што веќе престанува правото на користење на тоа земјиште во Овчеполието се ослободуваат огромни површини на земјоделско земјиште и за земјоделското население во Овчеполието очекувам во иднина да се обезбедат плодни површини, да се обезбеди една сигурна егзистенција на населението во Свети Николе и целокупното Овчеполие, бидејки е факт дека во Овчеполието 80% од населението е земјоделско население.

Затоа, го поздравувам текстот на Предлогот за донесвување на закон за земјоделско земјиште и апелирам до Министерството и до Владата во поблиска иднина да се достави и Предлог законот и да почне да се имплементира овој Предлог. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејки е 18,00 часот, за денес ја завршуваме денешната работа.

Продолжуваме утре со истата седница во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,00 часот).

47-03